Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

## Податоци за високообразовната установа

| | |
|---|---|
| Назив | Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје<br>АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ |
| Седиште | Скопје |
| Контакт информации | 02 3116 367 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Проф. д-р Огнен Марина, декан<br>02 3116 367 |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | / |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>▪ **Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност**<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2021 - 2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | 08 – 6/48 од 11.5.2022<br>08 – 6/52 од 5.6.2024 |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | НЕ |

Место, датум

МП

овластено лице на установата
(потпис)

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Архитектонски факултет - Скопје при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје |
| Седиште | Скопје |
| Веб страница | http://www.arh.ukim.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | **Мисија**<br>Наша мисија е да ги градиме следните генерации на инженери архитекти кои ќе ја обликуваат иднината на нашата изградена средина. Ние сме посветени на:<br>- Обезбедување строго и сеопфатно образование кое комбинира теоретско знаење со практично искуство.<br>- Промовирање на одржливост и грижа за животната средина во сите аспекти на архитектонскиот дизајн и практика.<br>- Поттикнување на интердисциплинарна соработка и иновации за справување со сложените предизвици на нашето време.<br>- Поттикнување на разновидна и инклузивна академска заедница која ги цени различните перспективи и промовира еднаквост.<br>- Ангажирање со локалните и глобалните заедници за создавање значајни и влијателни проектантски решенија.<br>**Визија**<br>Архитектонскиот факултет – Скопје замислува свет во кој иновативниот дизајн и одржливите практики се стремат за да создадат инспиративни, функционални и отпорни изградени средини. Ние се стремиме да останеме лидери во архитектонското образование, поттикнувајќи и развивајќи култура на креативност, критичко размислување и етичка одговорност меѓу нашите студенти, вработени и заедницата во целост. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Јавна |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Акредитација на установата:<br>- Студиска програма на прв циклус на студии „Архитектура“ 2023-2028 - решение за акредитација бр.08-2/7 од 04.08.2023<br>- Студиска програма на втор циклус на студии „Архитектура“ 2023-2028 - решение за акредитација бр.08-199/4 од 04.08.2023<br>- Студиска програма на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус 2018-2023; решение за акредитација бр. 1409-24/5 од 23.05.2018<br>- Студиска програма на трет циклус на студии „Архитектура и урбанизам“ 2021-2026 - решение за акредитација бр.08-159/4 од 29.06.2021 |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 23 со наставно звање;<br>13 соработничко звање асистент;<br>3 лаборанти. |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Прв циклус студии 92;<br>Втор циклус студии 18;<br>Интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус 594;<br>Трет циклус докторски студии 35. |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Архитектонскиот факултет е еден од 23 факултети во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” од Скопје.<br>Во текот на своето 75 годишно постоење факултетот помина низ неколку значајни развојни фази. Првите студии по архитектура беа организирани во 1949 година во рамките на новоослованиот Технички факултет со два оддела: архитектонски и градежен. Подоцна, во 1965 година, во рамките на Техничкиот факултет, формиран е Архитектонско-градежниот факултет со два оддели – архитектонски и градежен. Во 1975 година архитектонскиот оддел прерасна во самостоен Архитектонски факултет со единствена студиска програма по архитектура во траење од девет, односно десет семестри.<br>Од учебната 2007/2008 година Архитектонскиот факултет работи согласно |

| | |
|---|---|
| | Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС). По завршена трета година програмата овозможуваше излез преку интермедијарен испит со диплома со стручно звање Инженер архитект (Bachelor of Architecture). По завршениот десетти семестар и одбраната на магистерски труд, студиската програма овозможуваше излез со диплома со звање Магистер инженер архитект (Master of Architecture).<br>Од 2018-2023 година Архитектонскиот факултет функционираше со единствена студиска програма на интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура во која студентите завршуваа со звање Магистер инженер архитект (Master of Architecture).<br>Во 2021 беше акредитирана студиска програма од трет циклус докторски студии по архитектура и урбанизам во рамки на Докторската школа на УКИМ во Скопје, а во 2023 година беа акредитирани последните активни засебни студиски програми од прв и втор циклус студии по архитектура со кои по завршување на првиот циклус студентите се стекнуваат со звање Дипломиран инженер архитект (Bachelor of Architecture), а со завршување на вториот циклус со звање Магистер инженер архитект (Master (MSc) of Architecture) |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Архитектонски факултет - Скопје при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје располага со соодветен наставен кадар во различни наставно научни области и спроведува современо архитектонско образование согласно европските норми и директиви. Наставата се одвива во соодветни просторни услови и со современа техничка опрема. Факултетот е меѓународно етаблиран и во наставниот процес вклучува стручњаци од други реномирани европски универзитети.<br>Посветеноста на наставниот кадар и актуелноста на студиските програми за архитектонско образование како и квалитетот на реализација на наставата резултира со константно голем интерес за запишување на нови студенти по архитектура.<br>Меѓународната видливост е надополнета со Меѓународната летна школа по архитектура која факултетот ја организира 33 години во континуитет.<br>Резултатите и квалитетот на образовната дејност на факултетот се видливи преку семестралните јавни изложби во организација на факултетот, учеството на наставниот и соработничкиот кадар на бројни домашни и меѓународни научни проекти и бројните публикации. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | **Стандард 1**<br>- Архитектонски факултет-Скопје изминатите години во континуитет го спроведува процесот на самоевалуација.<br>**Стандард 2**<br>- Во 2021 година акредитирана е за прв пат Студиска програма од трет циклус – Докторски студии по архитектура и урбанизам (акредитирана за периодот 2021-2026 година)<br>- Во 2023 година акредитирани се: Студиска програма на додипломските студии од прв циклус по архитектура (акредитирана за периодот 2023-2028 година) и Студиска програма на постдодипломските студии од втор циклус по архитектура (акредитирана за периодот 2023-2028 година).<br>**Стандард 3**<br>- Наставата на Архитектонскиот факултет вклучува различни методи и алатки за оценување: вежби, практична работа, теренска настава, семинарска задача/есеј, презентација, работа на проект, колоквиуми, испити итн.<br>- Студиото (архитектонско, урбанистичко и интегративно) кое е присутно низ сите семестри во текот на студиите со најголем број на часови и ЕКТС кредити претставува јадро на архитектонската педагогија.<br>- Студиото подразбира и инволвираност на поголем број на наставен и соработнички кадар од различни институти кои на крајот од семестарот се вклучени во формирањето на крајните оцени на студентите.<br>- За време на Ковид пандемијата наставата беше прилагодена и се одржуваше на далечина, со употреба на платформата за двонасочна комуникација Microsoft Teams. Ваквата форма на настава по потреба се уште се користи за гостински онлајн предавања на професори од странство. |

| | |
|---|---|
| | **Стандард 5**<br>- Во последните 5 години обезбеден е соработнички кадар за успешна реализација на студиските програми.<br>- Низ курикулумот на наставниот и соработничкиот кадар забележлива е активноста и вклученоста во наставата, соработка со други институции од странство, вклученост во меѓународни проекти и програми.<br>- Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.<br>- Зголемен број на објавени трудови на наставниот и соработничкиот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години.<br>- Факултетот нуди финансиска поддршка за професионално надоградување на наставниот и соработничкиот кадар.<br>- Поттикната е апликативната работа на Факултетот преку активна соработка со локалната самоуправа.<br>- Наставниот и соработничкиот кадар располага со современа информатичка технологија.<br>- Преку набавка и употреба на нови технолошки алатки во последните 5 години Факултетот воведува иновации во наставните методи.<br>**Стандард 6**<br>- Реновирање, модернизирање и проширување на просторните капацитети за учење.<br>- Подобрена пристапност за лицата со посебни потреби е овозможена со адаптација на тоалети за лица со посебни потреби, ознаки, платформи за скали и лифт за лица со посебни потреби.<br>- Опремена е лабораторија за 3D печатење и лабораторија за компјутерска нумеричка контрола.<br>- Модернизирање и проширување на хардферските и софверските ресурси за учење.<br>- Обезбедување на стручна литература<br>- Активно вклучување на студентите од трет циклус во научно истражувачки проекти.<br>- Установата активно ги вклучува студентите во нејзините органи.<br>- Установата активно финансиски ги поддржува студентските активности.<br>**Стандард 8**<br>- Зголемена промоција на активностите на Установата преку социјалните мрежи и редовни споделувања на официјалната веб страна.<br>- Информациите од клучен карактер се јавно достапни на официјалната веб страна на Факултетот.<br>- Овозможено е дигитално пребарување на библиотечниот фонд.<br>**Стандард 9**<br>- Забележана е зголемена соработка со други институции од странство, со што е овозможена и поголема вклученост на наставничкиот и соработничкиот кадар во конкретна реализација на меѓународни програми.<br>- Забележани се значителни индивидуални соработки на наставниот и соработничкиот кадар со странски институции, што значително придонесува во наставната дејност.<br>- Зголемена вклученост на наставен кадар од странство во наставата.<br>- Овозможена е мобилност за студентите од трет циклус на студии. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | - Факултетот има проблем со одлив на наставниот кадар поради исполнување на условите за пензија и недостаток од нови вработувања. (детално опишано во индикатор 5.1)<br>- Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата не е доволно балансирано.<br>- Факултетот бележи недостаток на доволен број вработени во помошните и административните служби и итна потреба од нови вработувања.<br>- Факултетот не располага со кадар за мониторинг и одржување на техничките ресурси.<br>- Алармантен недостаток на доволен број вработени во помошните и административните служби и итна потреба од нови вработувања. (детално опишано во индикатор 6.3) |

| | |
|---|---|
| | - Факултетот не располага со овластени советници за кариера.<br>- Следењето и активностите поврзани со Алумни-заедницата се голем предизвик во услови на недоволен број административен кадар.<br>- Подобрување на достапноста на информации на официјалната веб страна и редовно ажурирање на податоците.<br>- Краток мандатен период на избраните студентски претставници, системски проблем кој произлегува од Законот за високо образование<br>- Активирање на надлежно тело кое ќе раководи со процесите на меѓународната соработка и интернационализација.<br>- Залагање за обезбедување на финансиски ресурси за научно истражувачка работа и меѓународна соработка.<br>- Потреба од интернационализација на работата на факултетот со поголема вклученост на визитинг професори и студенти од странство. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

**СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ**

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |

Политиката за обезбедување на квалитет на Архитектонскиот факултет во Скопје е во согласност со Политиката за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со посебен фокус на: - подигнување на квалитетот на наставата, студирањето и студентскиот стандард; - развивање на европската димензија во високото образование во развојот на студиските програми, меѓуинституционалната соработка на ниво на УКИМ, соработка на национално, регионално и на интернационално ниво; - управување со квалитетот - континуирано следење и оценување на процесите за обезбедување квалитет, подигнување на квалитетот во сите сфери на дејствување.
На 21.5.2024 година на Архитектонскиот факултет е формирано тело Совет за квалитет за мандатниот период 2024-2027 година. Советот за квалитет брои 5 членови, од кои тројца од редот на редовни професори на Архитектонскиот факултет, еден претставник на студентите и еден член на стопанството. (Прилог 1.1.А). Врз основа на извештајот за самоевалуација, Советот за квалитет ќе изработи годишен акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и подобрување на квалитетот.
Сите прашања поврзани со квалитетот на Архитектонскиот факултет во Скопје се во согласност со политиката за обезбедување на квалитет во високото образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и се регулирани со следните акти: Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021); Правилник за стандардите и постапката на надворешната евалуација и самоевалуацијата ( Службен весник на Република Македонија бр. 153/2022); Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019); Правилник за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 674/2024); Стратегија за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024-2029); Упатство за самоевалуација и обезбедување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици (Универзитетски гласник бр. 674/2024); Деловник за работа на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Прилози**
Прилог 1.1.А. Одлука Совет за квалитет АФ
Прилог 1.1.Б. Одлука комисија самоевалуација 2021 2024
Прилог 1.1.В. Одлука - формирање комисија за самоевалуација 2024-2027

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Архитектонскиот факултет во Скопје редовно го следи квалитетот на наставно-образовниот процес; бројот, обемот на ангажираност и работата на наставниот и соработничкиот кадар; научно-истражувачката и апликативната дејност, соработката со јавноста, како и бројот, обемот на ангажираност и работата на стручните служби.
Со цел да се оцени квалитетот на наставата, студентите на Архитектонскиот факултет пред крајот на секој семестар пополнуваат анонимна анкета, преку која имаат можност да го искажат своето мислење за работата на предметните наставници и соработниците за секој наставен предмет што го следеле во тековниот семестар.
Анкетите за анкетниот период 2021/2022 и 2022/2023 година содржат прашања поврзани со: достапноста за консултации и комуникација; квалитетот на изведување на наставата и начинот на изложување на наставната материја; корисноста на графичките вежби; објективноста при оценувањето; обезбедувањето на соодветен материјал за учење; односот кон студентот; подготвеноста за предавањата/вежбите; редовноста на часовите и

рационалното искористување на времето; тежината на барањата по предметот и испитот; усогласеноста на вежбите со предавањата и нивната временска координација; присуствот на студентот на наставата. За спроведување и средување на податоците од студентските анкети Факултетот го има користено софтверот од 2015 година што им овозможува на студентите процесот на анкетирање да го спроведат анонимно, преку интернет, а резултатите се генерираат во Извештај за секој поединечен учесник во наставата, за секој поединечен предмет реализиран во семестарот.
За периодот 2021/2022 и 2022/2023 година спроведени се четири Анкети, (Прилог: 1.2. Б)[1]. Оценките кои произлегуваат од Анкетата укажуваат на високо ниво на квалитет на наставата и наставниот кадар.
Од учебната 2023/2024 година спроведен е нов систем на анкетирање преку Iknow системот при што се воведени: Анкета за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар која се спроведува за секој предмет одделно; Анкета за општите услови за студирање; Анкета за општите услови за работа на наставниот и Анкета за општите услови за работа на стручно-административниот кадар. Во прилогот 1.2.В се дадени анкетите спроведени во летниот семестар во учебната 2023/2024 година.
Анкетите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар за анкетниот период 2023/2024 година содржат 12 прашања поврзани со: Релевантни познавања на наставникот на клучните концепти од предметната материја; Вежбите овозможуваат полесно совладување на испитната материја; Предавањата/вежбите се интерактивни, интересни и поткрепени со конкретни примери, студии на случај, вежби и др. релевантни активности; Студентите на часовите го подобриле своето знаење и вештини; Наставникот/соработникот го поттикна интересот за предметот; Наставникот/соработникот има обезбедено соодветен материјал за учење и полагање на предметот; Наставникот/соработникот доаѓа на време на часовите и држи настава согласно предвидениот распоред; Наставникот користи различни техники за континуирано оценување како работа на проектни задачи, вежби, симулации, студии на случај и др.; Наставникот е објективен/а, транспарентен/а, фер и без предрасуди во наставата и оценувањето на студентите; Достапност за консултации во приемно време; Наставникот/соработникот одговара на е-мејл пораките од студентите во разумен временски рок; Редовност на наставата на студентот.[2]

1. Во Извештаите од анкетите вклучени се резултатите само за предметите активни во соодветниот семестар на анкетирање, односно изоставени се анкетните листови од предмети за кои студентите давале одговор, а предметите не биле активни во семестарот за кој е споредена анкетата.
2. По промената на начинот на спроведување на анкетите во учебната 2023/2024 година, може да се забележи дека бројот на студенти кои ја пополнуваат анкетата е значително намален. За одредени предмети бројот на студенти кои го пополниле анкетниот прашалник е 1-5 студенти, што ја доведува под прашање релевантноста на резултатот. Предизвик на новата комисија за самоевалуација ќе биде во учебната 2024/2025 година подобро да ја искомуницира важноста на анкетата со студентите и нивните претставници и да обезбеди релевантни резултати.

**Прилози**
Прилог 1.2.А. Извештај за самоевалуација 2019-2021
Прилог 1.2.Б. Анкета за квалитет 2021-2022 и 2022-2023 година
Прилог 1.2.В. Анкета за квалитет 2023-2024 година

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Управата на Архитектонскиот факултет е посветена на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието. Факултетот ги подобрува студиските програми, следејќи и консултирајќи ги програмите на водечките (пред сè) европски институции од областа, како и потребите на македонското градежништво. Сите студиски програми на Факултетот се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија, а постапката за акредитација се спроведува редовно, на секои пет години. Дополнително, преку процесот на самоевалуација на Факултетот може да се вреднуваат позитивните аспекти, но и да се согледаат слабостите со цел да се дадат препораки за подобрување на квалитетот на институцијата во идниот период.
Студентите преку своите претставници на седниците на Наставно-научниот совет и Деканатската управа го следат и учествуваат во процесот на донесување одлуки на Архитектонскиот факултет. Учеството на студентите во различните органи и тела на факултетот е регулирано со Статутот на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член 51-60 (Прилог 1.3.А).
На Архитектонскиот факултет студентите се организирани преку Факултетското студентско собрание кое во учебната 2023/24 година брои 16 членови од петте студиски години, избрани со анонимно електронско гласање. Студентското собрание одржува редовни седници (најмалку еднаш во месецот, по потреба и почесто), по претходно најавен дневен ред. Во рамки на студентското собрание, студентите се организирани во следните

комисии – односи со јавност, организирање на настани и логистика, дигитализација, финансии, внатрешно делување, надворешно делување итн., меѓу кои и делегирани членови во Комисијата за самоевалуација и Советот за квалитет. Секој студент, преку анонимните анкетни прашалници има можност да даде мислење за изведувањето на наставата по поединечните предмети и евентуални коментари/забелешки врзани со натамошното подобрување на квалитетот на наставниот процес.

Согласно членот 122 од Законот за високото образование (Службен весник на РС Македонија бр. 82/18), на Архитектонскиот факултет при УКИМ е основан и активно функционира Одбор за соработка и доверба со јавноста, во кој во тековниот мандатен период членуваат претставници на Архитектонскиот факултет (проф. д-р Бојан Каранаков и проф. д-р Јован Ивановски) и релевантни претставници на деловната заедница: Бесиан Мехмети, д.и.а., номиниран од страна на Асоцијацијата на архитекти на РСМ, Милена Шундовска Четелева, д.и.а, од страна на Комората на овластени архитекти и инженери и Менче Николовска Папеш од Сојузот на стопански комори на РСМ. Одборот за соработка и доверба со јавноста активно работеше во периодот на изготвување на новите студиски програми, за кои издаде позитивно мислење на седниците одржани на 13.12.2022 година (за Студиската програма од прв циклус – Додипломски студии по архитектура) и 29.12.2022 година (за Студиската програма од втор циклус – Постдипломски студии по архитектура). Одборот за соработка и доверба со јавноста смета дека студиските програми се на соодветно образовно и научно ниво и во согласност со развојните потреби на општеството и економијата; истите се усогласено со современите светски трендови и споредливи со сличните програми, на странските, пред се европски образовни институции.

Во рамките на Архитектонскиот факултет активно работи и Центарот за кариера како дел од Центарот за кариер на УКИМ, кој преку своите активности се обидува да ги приближи студентите до пазарот на труд, организира работилници за кариерно советување, организира настани за вмрежување, промоција на дипломците пред бизнис-заедницата итн. Во текот на 2022 година (7.6.2022) и 2023 година (11.5.2023), Центарот за кариера го организираше и одржа настанот „Ден за кариерен развој“. На 30.11.2022 година, на Архитектонскиот факултет беше одржана работилница со студентите од Архитектонскиот факултет и Асоцијацијата на кариерни советници: „Кариерната патека – клучна животна одлука, чекори до идеално работно место“, а на 12.4.2024 година беше организиран „Отворен и кариерен ден на УКИМ“.

**Прилози**

Прилог 1.3.А. Статутот на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Dokumenti/glasnik_-473_2.pdf
Прилог 1.3.Б Документи од Одборот за соработка и доверба со јавноста

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

На 21.5.2024 година на Архитектонскиот факултет е формирано тело – Совет за квалитет за мандатниот период 2024-2027 година. Советот за квалитет е формиран согласно член 20, став 3 од Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 674/2024) и член 65 од Статутот на Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 473/2019). Советот за квалитет брои 5 членови, од кои тројца од редот на редовни професори на Архитектонскиот факултет, еден претставник на студентите и еден член на стопанството. (Прилог 1.4.А)

Во периодот пред формирање на телото, оценката за работата на Архитектонскиот факултет е спроведувана преку процесот на самоевалуација во рамки на востановениот систем на внатрешни механизми за обезбедување контрола и квалитет на студиите.

**Прилози**

Прилог 1.4. Одлука Совет за квалитет АФ

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Воспоставениот процес на самоевалуација на Архитектонскиот факултет се спроведува со цел проверка на квалитетот на наставно-образовниот и научно-истражувачкиот процес на првиот, вториот и третиот циклус студии. Последната самоевалуација спроведена на факултетот се однесува на периодот од 2019 до 2021 година.

| |
|---|
| Евалуацијата ги анализира наставно-образовниот процес, научно-истражувачката и апликативна дејност, соработката со јавноста и меѓународната соработка, просторните и финансиски услови на работењето и резултатите од анкетирањето на студентите.<br>Последната спроведена самоевалуација констатира дека наставата, во сите студиски години, се спроведува согласно предметните програми, со висок степен на квалитет, редовност и континуирано надградување. Поради недостатокот на кадар, слично како и во претходните години, покриеноста на наставата се одвива со зголемено оптоварување на наставниците и соработниците, чиј број е во континуирано опаѓање во подолг временски период. Вработувањето на 14 нови соработници во последниот семестар од разгледуваниот период, очекувано ја подобрува ваквата состојба, но и покрај тоа вкупната ангажираност говори за сериозно зголемен обем на настава што неповолно се одразува врз ангажираноста на кадарот во други сегменти на делување на институцијата. Намалениот број на наставно-научен кадар предизвикува преоптовареност со обврски во наставата што директно го редуцира расположливото време за поголема ангажираност во научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност. Врз основа на спроведената евалуација, вреди да се истакнат следните критични проценки на Комисијата:<br>- Останува актуелна потребата за нови вработувања кај наставно-научниот кадар, но и во администрацијата/стручните служби на Факултетот;<br>- Постојниот научен ангажман првенствено се темели на учеството во меѓународни проекти и програми каде финансирањето е обезбедено од странски извори. Финансиските средства што ги обезбедуваат Универзитетот и Факултетот се недоволни за позначајна научно-истражувачка дејност, па оттаму потребата за ревидирање на политиките за стимулирање на научно-истражувачката работа, како што е навестено со предвидените промени во Правилникот за плати и надоместоци што одат токму во насока на поттикнување на научните истражувања со средства од буџетот на Факултетот;<br>- Иако во изминатите години, со огромно залагање на Факултетот, се направени повеќе темелни зафати за подобрување на просторните услови за одвивање на наставата, потребни се инвестиции и во подобрувањето на условите за работа на факултетот во канцелариските простор;<br>- И покрај отежнатите услови на работа во периодот обележан со рестрикциите предизвикани од Ковид19 пандемијата, Архитектонскиот факултет останува посветен на својата основна дејност и изнаоѓа начини за промовирање на своите научни, образовни и професионални достигнувања, како и вредносните критериуми што ја обликуваат професијата архитект.<br>Констатирајќи одредени аномалии во студиската програма на интегрираните петгодишни студии (2018-2023 година) – голем број на предмети по семестар, неможност за издавање на диплома за завршен прв циклус на студии, намалена мобилност на студентите по првиот циклус итн., во 2022 година Архитектонскиот факултет акредитираше нови студиски програми со издвоен прв и втор циклус на студии (Додипломски и Постдипломски студии по архитектура). . Во поставувањето на концептот за новите студиски програми од прв и втор циклус на студии се разгледувани и земени во предвид регионални и европски искуства, меѓу кои програмите на:<br>Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Љубљана (Univerza v Ljubljani – Fakulteta za athitekturo), Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Загреб, Политехнико Торино (Politecnico di Torino), ЕТХ Цирих (ETH Zurich – bachelor+master),КИТ (KIT – Karlsruhe Institute of Technology – bachelor+master) итн. |
| **Прилози**<br>Прилог 1.5.А. Извештај за Самоевалуација на Архитектонскиот факултет 2019-2021 |

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| Досега на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје не е направена надворешна евалуација каде е евалуирана работата на Универзитетот и неговите составни единици (факултети, институти и придружни членки). Надворешна евалуација е направена единствено за Универзитетот како целина во рамките на Програмата за институционална евалуација (ПИЕ) на Европската асоцијација на универзитети (ЕАУ), која е спроведена во 2015 година. Во 2017 година е реализирана повратна евалуација во рамки на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (SDISP) преку Министерството за образование и наука. Извештајот на повратната евалуација (прилог 1.6.А) е направен од страна на независен тим на ПИЕ во состав Џорџ Шулц, претседавач Џоана Лијерус, Ленарт | |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| |
|---|
| Олаусон, Јанис Ветра и Андре Сурсок.<br>Во извештајот се дадени 24 препораки кои се однесуваат на УКИМ како целина, кои се распоредени во 6 теми (Управување, Култура на квалитет, Настава и учење, Истражување, Во служба на општеството и Интернационализација). Сумираната оценка на тимот на ПИЕ содржана во 24 препораки ја нагласува потребата од централизирање на некои од клучните услуги на Универитетот, изработка и спроведување на заедничка стратегија за настава и учење, истражување, интернационализација и внатрешно обезбедување квалитет на Универзитетот. |
| **Прилози**<br>Прилог 1.6. Контролен извештај за евалуација |

## Стандард 2

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Сите активни студиски програми на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Додипломски студии по архитектура – Прв циклус на студии, Постдипломски студии по архитектура – Втор циклус на студии, Докторски студии по архитектура и урбанизам – Трет циклус на студии и Интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура) се акредитирани и се во согласност со важечките законски прописи на Република Северна Македонија.<br>Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование. Процесот на (ре)акредитација на Архитектонскиот факултет се спроведува редовно, на интервали од пет години, а во согласност со Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на активните студиски програми.<br>Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје се во согласност со упатствата на Агенцијата за евалуација на високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование. Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 25/11) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 2.1.А. Закон за високото образование:<br>https://www.slvesnik.com.mk/Issues/e70eb6afb4a04960b76db298d126db17.pdf<br>Прилог 2.1.Б. Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии:<br>https://www.slvesnik.com.mk/Issues/96633C22E9BEEF43B795F8DF33697B1E.pdf<br>Прилог 2.1.В. Обрасци за: Барање за акредитација на студиска програма; Образец елаборат за акредитација на студиска програма од ПРВ/ВТОР циклус на студии; Упатство за пополнување на Елаборат од ПРВ/ВТОР циклус на студии; Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на ТРЕТ циклус студии; Образец за структура на студиска програма од ТРЕТ циклус на студии, достапни на:<br>https://www.akvo.mk/doc.php<br>Прилог 2.1.Г Решение за акредитација на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Dokumenti/Akreditacija2023/Resenija2023/Resenie_akreditacija_prv_ciklus_2023.pdf<br>Прилог 2.1.Д. Решение за почеток со работа-прв циклус<br>Прилог 2.1.Ѓ. Решение акредитација-втор циклус<br>Прилог 2.1.Е. Решение за почеток со работа-втор циклус<br>Прилог 2.1.Ж. Решение за акредитација-трет циклус</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | |

Студиските програми на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје им овозможуваат на студентите да се стекнат со неопходното академско знаење и вештини за влез во професијата. Согласно Директивата на Европскиот парламент и совет за заедничко признавање на дипломи, сертификати и друга евиденција за формални квалификации во архитектурата (2005/36/ЕС) и Директивата на европската асоцијација за архитектонско образование (ЕААЕ) од 2001 година, архитектурата е регулирана професија. Образованието на архитектите е на универзитетско ниво и се состои од задолжителни компоненти и области, а Директивата 2005/36/ЕС ги дефинира областите и темите кои се обврзувачки во студиите по архитектура и вкупниот број на часови.

Согласно оваа рамка, која ја определува регулираноста на професијата, образованието на архитектите на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје до 2023 година е организирано како Интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, а од 2023 година како издвоени прв и втор циклус по архитектура кои водат до академскиот или стручен назив Дипломиран инженер архитект (Bachelor of Architecture) и Магистер инженер архитект (Master (MSc) of Architecture) соодветно.

Во првиот циклус студии по архитектура, Архитектонскиот факултет профилира кадри со нагласена стручна насоченост кои се потребни во развојот на стопанството – од градежништвото како примарен фокус, до помалите креативни индустрии засновани на индустрискиот и графичкиот дизајн. Во рамки на првиот циклус на студии, студентите се стекнуваат со: познавања на различните аспекти на процесот на проектирање, планирање и градење и нивната примена во разработка на проектна документација; графички компетенции (совладување на аналогни и дигитални алатки за претставување на простор и ликовно изразување); комуникациски вештини (одговорност, прецизност, способност за тимска работа) итн. Покрај збогатување на стопанството во делот на стручна насоченост на соработничкиот кадар, првиот циклус на студии претставува и пристапен степен (180 ЕКТС) за упис во вториот циклус на студии – дипломски студии по архитектура (120 ЕКТС).

Студиската програма Втор циклус на студии по архитектура има за цел да создаде експерти од областа на архитектурата, урбанизмот и планирањето, кои ќе учествуваат и придонесат во развивање на професијата, практиката, но и научните сознанија. Поголемата академска и теоретска насоченост во вториот циклус на студии, како и зголемената комплексност на поставените задачи го надополнува претходно стекнатото образование од 6 семестри. Завршените обврски предвидени со предметната програма, како и успешната изработка и одбрана на магистерскиот труд водат до комплетен профил на Магистер инженер архитект и пристап до професијата. Завршувањето на студиската програма од втор циклус студии по архитектура води кон создавање на професионален кадар со соодветно ниво на образование и стручна подготвеност за влез на пазарот на трудот и соочување со сложените предизвици врзани со изградената средина и градежната дејност во Република Северна Македонија. Дополнително, оваа студиска програма е основа за развивање на наставно-научниот потенцијал на Архитектонскиот факултет, со создавање на квалитетен академски кадар кој ќе обезбеди континуитет на образовниот процес на Архитектонскиот факултет.

Студиската програма на докторските студии по архитектура и урбанизам – трет циклус на студии, има за цел да одговори на предизвиците кои фундаменталните промени во просторниот и материјалниот развој на изградената средина ги поставуваат пред архитектонските и урбанистичките дисциплини. Организирана во согласност со Школата за докторски студии на УКИМ, студиската програма за третиот циклус има за цел да оспособи кадар за самостојно спроведување на оригинални научни истражувања. Здобивајќи се со напредни теоретско-апликативни знаења, студентите се оспособуваат за изработка на сложени архитектонско-урбанистички, просторни, материјални и процесни анализи, предлози и решенија. Развивањето на автономните истражувачки капацитети на докторандите придонесува во градењето на нивната понатамошна кариера во науката, деловниот сектор, секторот на државните институции, академските институции итн.

Сите студиски програми на Архитектонскиот факултет се соодветно опишани и јавно достапни на веб страницата на Архитектонскиот факултет (http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-01-08-19-03-36). Целите на студиските програми се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес. Содржината на студиските програми на сите три циклуси се изработени во насока на непречен и континуиран развој на студентот и на студентот му овозможуваат да се стекне со академски знаења и вештини кои се од исклучително значење за неговиот натамошен професионален и научен развој. Секоја студиска програма има јасно дефинирани дескриптори на квалификации согласно Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации (чл. 99, став 2 од Законот за високото образование – Службен весник бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10). Во рамки на одделните предметни програми, кај сите предмети (задолжителни и изборни) јасно се

| | |
|---|---|
| наведени обемот, содржината, методите на учење, начинот и критериумите на оценување и потребната литература (основна и дополнителна).<br>Содржината на студиските програми, целта на секоја програма и сите дополнителни информации за студиските програми од прв, втор и трет циклус (заедно со програмата на интегрирани петгодишни студии) се дадени во приложените елаборати. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.2.А. Студиска програма на додипломските студии од прв циклус по архитектура (акредитирана за периодот 2023-2028 година), достапна на:<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/images/StudiskiProgrami/студиска_програма_од_прв_циклус-додипломски_тригодишни_студии_по_архитектура-Архитектонски_факултет-УКИМ_во_Скопје-2023-20.pdf<br>Прилог 2.2.Б. Студиска програма на постдодипломските студии од втор циклус по архитектура (акредитирана за периодот 2023-2028 година), достапна на:<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/images/StudiskiProgrami/студиска_програма_од_втор_циклус_студии_по_архитектура-Архитектонски_факултет-УКИМ_во_Скопје.pdf<br>Прилог 2.2.В. Студиска програма на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура (акредитирана за периодот 2018-2023 година), достапна на:<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Organizacija/StudiskaPrograma2018-2023.pdf<br>Прилог 2.2.Г. Студиска програма од трет циклус – Докторски студии по архитектура и урбанизам (акредитирана за периодот 2021-2026 година), достапна на:<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/images/DoktorskiStudii/Elaborat.pdf | |
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Градежништвото е една од водечките стопански гранки во Република Северна Македонија со континуиран позитивен тренд во реализацијата на деловни активности и остварени градежни работи во последните десет години. Ваквата тенденција во стопанството наметнува потреба за стручен и образуван кадар од обласа на архитектурата, урбанизмот и планирањето, кој со своите компетенции и професионалната оспособеност ќе биде подготвен да одговори на современите професионални и општествени предизвици.<br>Со завршување на првиот циклус на додипломски студии по архитектура се обезбедува квалитетен пристап кон професијата во согласност со националната рамка на професионални квалификации - стекнување со звање Дипломиран инженер архитект и можност за вработување по првиот циклус и тоа како: Инженер за изведба (според Законот за градење, односно раководење со изградба на градби од втора (Б) категорија); архитектонски техничар, надзорен техничар, технички соработник во архитектонски, урбанистички и планерски бироа, стручен соработник за уметност и култура, графички и мултимедијален дизајнер (според Националната класификација на занимања).<br>Со завршување на вториот циклус на студии по архитектура и стекнување со звањето Магистер инженер архитект се овозможува целосен пристап до архитектонската професија на различни нивоа и во различни области, со што се нуди сеопфатен одговор на потребите на пазарот на трудот во Република Северна Македонија. На тој начин Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ја реализира својата општествена улога и одговорност како водечка установа за високо образование на архитектите.<br>Согласно членот 122 од Законот за високото образование (Службен весник на РС Македонија бр. 82/18), на Архитектонскиот факултет при УКИМ е основан Одбор за соработка и доверба со јавноста, во кој членуваат претставници од Сојуз на стопански комори на Македониај, Комора на овластени архитекти и инженери, Асоцијација на архитекти и Архитектонскиот факултет-Скопје при УКИМ. Во процесот на изработка, акредитација и реакредитација на студиските програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава свое мислење во однос на подобноста на студиските програми и развојните потреби на општеството и економијата. Сите акредитирани студиски програми на прв, втор и трет циклус на студии имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.3.А. Закон за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18), достапен на:<br>https://www.slvesnik.com.mk/Issues/e70eb6afb4a04960b76db298d126db17.pdf<br>Прилог 2.3.Б. Сите елаборати на студиските програми се дадени во прилог на индикаторот 2.2. (2.2.А-2.2.Г)<br>Прилог 2.3.В. Документи од Одборот за соработка и доверба со јавноста | |
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

| | |
|---|---|
| цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | |

Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мај 2022 година спроведе истражување во форма на анкета до работодавачи, архитекти и други инженети за утврдување на потребните знаења и вештини во високото образование на архитектите. Крајната цел на овој процес беше изработка и акредитација на нови студиски програми кои ќе одговорат на потребите на архитектите во 21-от век. Анкетата се состоеше од три дела: Дел за општи информации, дел за информации од работодавачи или вработени и дел за информации од архитекти или други инженери.

Анкетата беше спроведена на 16% од вкупниот број на овластени архитекти од кои 79% се вработени во приватни компании, 11% во државни институции, 8% во локална самоуправа и 2% во образование. Во однос на приватниот сектор, 67% од компаниите имаат 1-5 вработени, 13% имаат од 5-10 вработени додека пак 20% имаат над 10 вработени. Најчесто вработените архитекти се ангажирани во областа на проектирањето, 24.4% се ангажирани во секторот на изведбата а 18.9 во планирње.Во рамките на компаниите архитектите начесто работат на објекти за индивидуално домување (22.5%), објекти за колективно домување (22.5), индустриски објекти (17%), комерцијални објекти (8%) и здравствени објекти (5%). Детален приказ на резултатите од анкетата е прикажан во прилогот 2.4.А.

Студиските програми на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, периодично минуваат низ процес на ревизија, модификација и унапредување. При реакредитација на студиските програми, наставниот кадар ја адаптира и осовременува како содржината, така и задолжителната и дополнителна литература за секој поединечен предмет. Студентите, преку своите избрани претставници и Факултетското студентско собрание учествуваат во процесот во рамки на комисиите, преку редовното присуство на Наставно-научниот совет и состаноците на Деканатската управа. Учеството на студентите во различните тела на факултетот е регулирано преку акти и документи во кои се наведени надлежностите на засегнатите страни, правилата и начинот на организирање и изведување на наставата (Статут на Архитектонскиот факултет – Скопје, Правила на студирање итн.), достапни на веб страната на Архитектонскиот факултет (Прилог 2.4.А и 2.4.Б).

На крајот на секој семестар преку студентска анкета, секој студент, индивидуално и анонимно, има можност да го оцени наставниот процес на поединечните предмети и да даде свои согледувања, забелешки и предлози во однос на неговото подобрување. Резултатите од анкетите за квалитет се дадени во Прилог 2.4.В.

Согласно членот 122 од Законот за високото образование (Службен весник на РС Македонија бр. 82/18), на Архитектонскиот факултет при УКИМ е основан и Одбор за соработка и доверба со јавноста, во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница (претставници од Архитектонската асоцијација, Комората на овластени архитекти и инженери на РСМ и сл.). Во процесот на изработка, акредитација и реакредитација на студиските програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава свое мислење во однос на подобноста на студиските програми и развојните потреби на општеството и економијата. Сите акредитирани студиски програми на прв, втор и трет циклус на студии имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста. (Прилог 2.4.Д)

**Прилози**

Прилог 2.4.А. Анкета до работодавачи, архитекти и други инженети

Прилог 2.4.Б. Статут на Архитектонскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 473, 11 Ноември 2019 година), достапен на:
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Dokumenti/glasnik_-473_2.pdf

Прилог 2.4.В. Правила на студирање - Архитектонски факултет

Прилог 2.4.Г. Анкета за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар

Прилог 2.4.Д. Документи врзани со работата на Факултетското студентско собрание

Прилог 2.4.Ѓ. Документи врзани со работата на Одборот за соработка и доверба со јавноста се дадени во прилогот 2.3.В

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Во долгогодишното постоење на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, студиските програми постојано минуваат низ процес на модификација, унапредување и усогласување со профилите на наставниот кадар, тековните општествени потреби, националните законски акти, но и со континуирани прилагодувања и усогласувања (пред сѐ) со европскиот простор на високото образование по архитектура. Наставата на Архитектонскиот факултет се одвива според Европскиот кредит-трансфер систем, за

| | |
|---|---|
| прв пат воведен во студиската програма на интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура во учебната 2007/08 година, програма надополнета во 2010 година и реакредитирана во учебните 2013/14 и 2018/19 година. Сите акредитирани студиски програми од прв, втор и трет циклус студии се изработени во согласност и се компатибилни со единствениот европски простор за високо образование, а при изработка на програмите се внимава на споредливоста со програмите на европските образовни институции. Во поставувањето на концептот за новите студиски програми од прв и втор циклус на студии кои се акредитирани во 2023 година и се во важност до 2028 година се разгледувани и земени во предвид регионални и европски искуства, меѓу кои програмите на:<br>Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Љубљана (Univerza v Ljubljani – Fakulteta za athitekturo-) https://www.fa.uni-lj.si/studiji/arhitektura,https://www.arhitekt.hr/hr/nastava/studij-arhitekture-i-urbanizma/,<br>Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Загреб<br>https://www.arhitekt.hr/hr/nastava/studij-arhitekture-i-urbanizma/,<br>Политехнико Торино (Politecnico di Torino)<br>https://didattica.polito.it/pls/portal30/sviluppo.offerta.cdl?p_sito_orienta+0&p_sdu+80&p_cds=1&p_a_acc=2023&p_lang=EN&sez=7,<br>ЕТХ Цирих (ETH Zurich – bachelor+master),<br>https://ethz.ch/en/studies/master/degree-programmes/architecture-and-civil-engineering.html#architektur,<br>КИТ (KIT – Karlsruhe Institute of Technology – bachelor+master) итн.<br>https://www.sle.kit.edu/english/vorstudium/master-architecture.php.<br>Во сите разгледувани примери (европски и регионални), студиото (архитектонско, урбанистичко и интегративно) е основното јадро на архитектонската педагогија, а значењето на студиото во изучувањето архитектура е јасно согледливо доколку се погледне неговиот обем и застапеност. Слично како и во другите (регионални и европски) студии по архитектура, наставата во студиото има за цел да воспостави континуитет на знаењата и развивање на проектниот процес преку истражување на конкретна проблемска задача низ урбанистички, архитектонски и програмски истражувања, кои резултираат со идеен архитектонски проект. Во рамките на студиото е особено препознатлива додадената вредност од вмрежување и вклучување надворешни експерти (надворешни/странски наставници или експерти од пракса).<br>Во последните 5 години, како експерти и надворешни соработници на Архитектонскиот факултет предавања одржале голем број на гости-предавачи од релевантни меѓународни институции (повеќе од 30 предавања). (Прилог 2.5.Б.)<br>За реализација на наставата се користи рецентна литература која е компатибилна со литературата која широко се употребува и на други факултети по архитектура во Европа. Дел од странската литературата која се користи е преведена на македонски јазик. Меѓу бројната литература која се користи, може да се издвојата следните наслови, кои се дел од наставата кај најголем број на предмети:<br>- Андреа Деплацес (Ed.). Конструирање архитектура. Материјали, процеси, структури. Арс Ламина, Скопје 2012<br>- Јухани Паласмаа, Очите на кожата, Икона, Скопје 2016<br>- Костоф С., Историја на архитектурата, Арс Ламина, Скопје 2012<br>- Цумтор, П., Мислејќи архитектура, Икона, Скопје 2012<br>- Кристофер, А., Јазик на обрасци, Академски печат, Скопје 2010<br>- Gausa, M et al., The Metapolis Dictionary of Advanced Architecture. ACTAR 2000<br>- Moussavi, F., The Function of Form, Actar and Harvard University 2009<br>- Laseau, P., Graphic Thinking for Architects and Designers, John Wiley & Sons, Inc. 2020<br>- T. LeGates R., Stout F. (eds.), The City Reader Routledge, London 2020 | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.5.А. Сите елаборати на студиските програми (со основна и дополнителна литература на поединечните предметни програми) се дадени во прилог на индикаторот 2.2. (2.2.А-2.2.Г).<br>Прилог 2.5.Б. Листа на визитинг професори и одржани гостински предавања<br>Прилог 2.5.В. Одлуки за ангажирање на визитинг наставници<br>Прилог 2.5.Г. Одлуки за ангажирање на стручњаци од практика во наставата | |
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во |

| | |
|---|---|
| студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Во рамки на секоја од акредитираните студиски програми јасно е дефиниран очекуваниот работен ангажман на студентите. Наставата на Архитектонскиот факултет се одвива согласно Болоњскиот процес и Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) и детално е опишана во рамки на Елаборатите на студиските програми, за секоја од поединечните предметните програми. Оптоварувањето на студентот е изразено во ЕКТС кредити кои одговараат на вкупен расположлив фонд на време (изразен во часови) кои студентот ги посветува на одреден предмет. Во рамки на секој од поединечните предмети, ЕКТС кредитите, односно предвидениот фонд на работни часови одговараат на различни форми на настава соодветни за архитектонското образование: предавања, вежби, практична работа, самостојна работа, проектни задачи, самостојно учење итн. Иако архитектонското образование подразбира голем број работни часови посветени на основниот курикулум, предвиденото оптоварување им овозможува на студентите да земат учество и во дополнителни активности (различни форми за обука, дополнителни вонннаставни предавања организирани од страна на факултетот, работилници, летни школи, архитектонски конкурси (домашни и меѓународни), студентски активности итн.).

Во рамки на студиските програми (Интегрирани студии од прв и втор циклус и прв циклус на студии – додипломски студии по архитектура) предвидена е задолжителна пракса – Практика, во траење од две недели (десет работни дена). Праксата се остварува во лиценцирана проектантска или проектантско-градежна фирма во земјата. Целта е студентите да се запознаат со начинот на функционирање на проектантска фирма – биро, законските одредби според кои работат, како и со начините и методите за развивање на проектната документација согласно Законот за градење, или со начинот на функционирање на градежна фирма, организација и функционирање на градилиште и документација за градење Законот за градење (Прилог 2.6.Б).

Студиската програма има за цел да го поттикне интересот на студентите за вонннаставни активности (најчесто посветени на практични искуства во архитектурата), а во форма на акредитирани летни школи за архитектура и архитектонски работилници во нашата земја и во странство, валоризирајќи ги со 2 ЕКТС кредити (пр. Меѓународната летна школа за архитектура во организација на Архитектонскиот факултет при УКИМ). Информациите за летните школи и работилниците редовно се објавуваат на веб страната на Архитектонскиот факултет (http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-52-33).

Архитектонски факултет Скопје континуирано организира посети и соработува со државни институции (Музејот на современа уметност, Националната галерија на РСМ, Националната опера и балет, МАНУ, ИЗИИС итн.), локални самоуправи, производствени организации и компании за производство на градежни материјали и технологии, изведува теренска настава и вклучува „стручњаци од практика“ со најмалку 10 годишно искуство во изведувањето на наставата на задолжителните и изборните предмети.

**Прилози**

Прилог 2.6.А. Сите елаборати на студиските програми (со основна и дополнителна литература на поединечните предметни програми) се дадени во прилог на индикаторот 2.2. (2.2.А-2.2.Г).

Прилог 2.6.Б. Договор за изведување практика

Прилог 2.6.В. Меѓународна летна школа за архитектура

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |

Сите информации за студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии се објавени на веб страницата на Архитектонскиот факултет и истите кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени на јазикот на кој се одвива програмата. На веб страницата се прикачени елаборатите за акредитација со сите информации за студиската програма, содржините на задолжителните и изборни предмети со соодветните ЕКТС кредити итн. Дополнително, на веб страницата навремено се објавуваат и конкурси за запишување на студенти на првиот, вториот и третиот циклус на студии, резултати од роковите за запишување, испитни рокови, распореди на часови, информации за работилници, летни школи, архитектонски конкурси итн.

**Прилози**

Прилог 2.7.А. Линк до веб страницата на Архитектонскиот факултет:
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/

[2] Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

Прилог 2.7.Б. Студиска програма на додипломските студии од прв циклус по архитектура (акредитирана за периодот 2023-2028 година), достапна на:
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/StudiskiProgrami/студиска_програма_од_прв_циклус-додипломски_тригодишни_студии_по_архитектура-Архитектонски_факултет-УКИМ_во_Скопје-2023-20.pdf
Прилог 2.7.В. Студиска програма на постдодипломските студии од втор циклус по архитектура (акредитирана за периодот 2023-2028 година), достапна на:
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/StudiskiProgrami/студиска_програма_од_втор_циклус_студии_по_архитектура-Архитектонски_факултет-УКИМ_во_Скопје.pdf
Прилог 2.7.Г. Студиска програма на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура (акредитирана за периодот 2018-2023 година), достапна на:
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Organizacija/StudiskaPrograma2018-2023.pdf
Прилог 2.7.Д. Студиска програма од трет циклус – Докторски студии по архитектура и урбанизам (акредитирана за периодот 2021-2026 година), достапна на:
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/DoktorskiStudii/Elaborat.pdf

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Студиските програми на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, периодично минуваат низ процес на модификација, унапредување и усогласување со профилите на наставниот кадар, тековните општествени потреби, националните законски акти, но и со континуирани прилагодувања и усогласувања (пред сè) со европскиот простор на високото образование по архитектура. Промените се изведуваат во рамки на законски предвидените рокови за (ре)акредитација, на интервали од пет години, а процесот на изработка започнува една година пред истекот на тековната акредитација. За сите промени учесниците и засегнатите страни се навремено известени, а новите студиски програми се објавуваат на веб страницата на факултетот и се достапни за сите заинтересирани. Линкови до веб страницата на Архитектонскиот факултет и сите акредитирани програми се дадени во прилозите 2.7.Б – 2.7.Д.

Од воведувањето на Кредит трансфер системот, сè до 2023 година, студиите на Архитектонскиот факултет во Скопје се организирани како интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура со кои студентите се стекнуваат со 300 ЕКТС и звање Магистер инженер архитект (Master (MSc) of Architecture). Со акредитацијата од 2023 година, студиите на Архитектонскиот факултет се организирани како издвоени тригодишни додипломски студии по архитектура – прв циклус на студии (180 ЕКТС) со кои студентот се стекнува со звањето Дипломиран инженер архитект (Bachelor of Architecture) и двегодишни постдипломски студии – втор циклус на студии (120 ЕКТС) со кои студентот се стекнува со звањето и Магистер инженер архитект (Master (MSc) of Architecture) соодветно.

Со воведувањето на прв циклус на студии по архитектура (180 ЕКТС) се очекува збогатување на понудата на кадри од факултетот кон стопанството во делот на стручна насоченост на соработничкиот кадар, со можности за вработување уште по завршување на првиот циклус на студии. Со завршување на првиот циклус – додипломски студии по архитектура со 180 ЕКТС, според Законот за градење, студентот добива пристап до овластување Б за инженер на изведба, односно можност да раководи со изградба на градби од втора (Б) категорија. Дополнително, се очекува дека воведувањето на издвоен прв циклус на студии, ќе направи значителна селекција, ќе ја зголеми компетитивноста, ќе го зголеми квалитетот на кадрите кои ќе се одлучат на понатамошна универзитетска надградба, но и ќе го зголеми потенцијалот за академска мобилност.

Согласно законските рамки кои ја определуваат регулираноста на архитектонската професија (Директивата на Европскиот парламент и совет за заедничко признавање на дипломи, сертификати и друга евиденција за формални квалификации во архитектурата (2005/36/ЕС), член 46 од Директивата, Директивата на европската асоцијација за архитектонско образование (ЕААЕ) од 2001 година, Законот за градење каде е регулиран пристапот до професијата низ процесот на издавање на овластувања од страна на Комората на овластени архитекти и други овластени инженери на Република Македонија и Законот за високо образование (82/18 во член 147 (12)), задолжителен услов архитектот да добие пристап до сите овластувања од областа на архитектурата и урбанизмот, е да има архитектонско образование на универзитетско ниво со петгодишни студии - 300 ЕКТС кредити.

Во 2021 година, Архитектонскиот факултет акредитираше програма за трет циклус на студии - Докторски студии по архитектура и урбанизам во рамки на Школата за докторски студии на УКИМ. Двете пошироки програми опфатени со студиската програма – архитектура и урбанизам – имаат за цел да им овозможат на студентите напредни знаења и аналитичко-истражувачки способности на широк спектар на просторни, урбанистички и архитектонски прашања и проблеми. Докторските студии се организирани со цел профилирање на кадри за самостојно спроведување на оригинални научни истражувања. Развиените автономни истражувачки капацитети на докторандите ќе придонесат во градењето на нивната понатамошна кариера во науката и деловниот сектор.

**Прилози**

Прилог 2.8.А. Линкови до студиските програми акредитирани во последните пет години (2019-2024) се дадени во индикаторот 2.2 и 2.7

Прилог 2.8.Б. Линк до Распоредот на часови за предавања и вежби за зимските и летните семестри http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-09-09-19-47-25

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

Архитектонскиот факултет преку своите служби го следи бројот на пријавени, запишани, дипломирани и испишани студенти, за секоја од студиските програми. Добиените податоци говорат за одредени трендови и служат како подлога за донесување одлуки и промени во студиските програми. Наспроти негативните демографски трендови во земјата, неповолните миграциски процеси и генерално намалениот интерес за студирање на техничките науки, Архитектонскиот факултет бележи стабилен интерес кој продолжува и во предметниот период на евалуација. Како илустрација служи бројот на пријавени и примени кандидати:

Во учебната 2019/20 година за 120 слободни места се пријавени 151 кандидати, од кои запишани се вкупно 123 студенти (60 во државната квота, 60 во приватната квота со кофинансирање и 3 студенти под специјални услови); во учебната 2020/21 година, пријавени се 126 кандидати од кои се запишани 120 (60+59+1 студент). Во 2021/22 година, на барање на Архитектонскиот факултет бројот на слободни места за упис е намален на 90 студенти од кои 45 во државна и 45 во приватна квота со кофинансирање. Истата година бројот на пријавени студенти изнесува 172 пријавени кандидати, од кои се запишани 92 (45+45+2). Во 2022/23 година, пријавени се 143 кандидати, од кои се запишани 92 (45+45+2). Во 2023/24 година, бројот на пријавени кандидати изнесува 152, од кои се запишани 90 студенти (45+45).

Третиот циклус на студии на Архитектонскиот факултет започнува во 2021 година. Во учебната 2021/22 година на третиот циклус на студии – Докторски студии по архитектура и урбанизам во зимскиот семестар се запишани 21 студент, а во летниот семестар 12 студенти. Во учебната 2022/23 година во зимскиот семестар се запишани 2 студенти, додека во летниот семестар 2022/23 и во учебната 2023/24 година нема нови запишани студенти.

Во 2019 година, 92 студенти ги завршиле Интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура и се стекнале со звањето Магистер инженер архитект (Master of Architecture), додека 10 студенти го завршиле првиот циклус на студии и се стекнале со звањето Инженер архитект (Bachelor of Architecture). Во 2020 година 83 студенти се стекнале со звањето Магистер инженер архитект, додека 3 студенти се стекнале со звањето Инженер архитект. Во 2021 година 83 студенти се стекнале со звањето Магистер инженер архитект, додека 8 студенти се стекнале со звањето Инженер архитект. Во 2022 година 68 студенти се стекнале со звањето Магистер инженер архитект, додека 7 студенти се стекнале со звањето Инженер архитект. Во 2023 година 85 студенти се стекнале со звањето Магистер инженер архитект, додека 4 студенти се стекнале со звањето Инженер архитект. Податоците се добиени од Студентската служба на факултетот, преземени од Главната книга на дипломирани студенти, а се однесуваат на календарски период од 1.1.-31.12 за наведените години.

Просечните оценки за дипломираните студенти изнесуваат 8,06 (за 2019 година), 8,08 (2020 година), 8,16 (2021 година), 8,11 (2022 година) и 8,08 (2023 година). Податоците се добиени од Студентската служба на факултетот, од документите за изработка на Дипломи за промоција.

Бројот на студенти кои ги напуштиле студиите изнесува: во 2019 година – 22 студенти, во 2020 година – 8 студенти, во 2021 година – 16 студенти, во 2022 година – 12 студенти и 4 студенти во 2023 година. Студентите вообичаено не наведуваат причина за напуштање на студиите или наведуваат „лични причини“. За последните две календарски години, 2022 и 2023, списокот на испишани студенти е даден во Прилог 2.9.В.

Просечните оценки за секој од поединечните предмети се достапни во евиденцијата на I-Know системот. Дополнително, за учебната 2023/24 година просечните оценки се дадени во табелата 2.9.Б.

Структурата на студиската програма, вкупниот број на предмети кои се реализираат и нивниот распоред по семестри е дадена во секоја од студиските програми на Архитектонскиот факултет:

1. Студиската програма на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура (акредитирана

| |
|---|
| за периодот 2018-2023) има вкупно 94 предмет, од кои 9 изборни студија од првиот до деветтиот семестар, 54 задолжителни предмети, изборен модул во деветтиот семестар (4 предмети), 25 изборни предмети и магистерска теза – теоретски и проектантски дел. Изборните предмети се избираат од листата на изборни предмети на единицата и од листата на изборни предмети на УКИМ (стр. 26-34 од Елаборатот за акредитација);<br>2. Студиската програма на додипломските студии од прв циклус по архитектура (акредитирана за периодот 2023-2028) има вкупно 42 предмети од кои 36 задолжителни и 6 изборни. Структурата, бројот на предмети и нивниот распоред по семестри е дадена во Елаборатот за акредитација, стр. 22-24;<br>3. Студиската програма на постдипломските студии од втор циклус по архитектура (акредитирана за периодот 2023-2028) има вкупно 20 предмети од кои 16 задолжителни и 4 изборни. Структурата, бројот на предмети и нивниот распоред по семестри е дадена во Елаборатот за акредитација, стр. 22-24;<br>4. Студиската програма од циклус – Докторски студии по архитектура и урбанизам (акредитирана за периодот 2021-2026) од трет циклус на студии е организирана во согласност со Школата за докторски студии на УКИМ. Структурата и утврдениот однос помеѓу задолжителни и изборни факултетски и универзитетски предмети и активности е дадена во Елаборатот за акредитација, стр. 21. |
| **Прилози**<br>Прилог 2.9.А. Линкови до студиските програми акредитирани во последните пет години (2019-2024) се дадени во индикаторот 2.2 и 2.7<br>Прилог 2.9.Б. Просечни оценки по предмети за учебната 2023-24 година<br>Прилог 2.9.В. Список на испишани студенти 2022 и 2023 година |

# Стандард 3

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.</td><td>Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има изготвено акти и документи во кои се регулирани надлежностите на засегнатите страни, правилата и начинот на организирање и изведување на наставата (Статут на Архитектонскиот факултет – Скопје, Правила на студирање итн.), достапни на веб страната на Архитектонскиот факултет (Прилог 3.1.А и 3.1.Б). Овие документи го уредуваат учеството на студентите (преку нивните избрани претставници) во органите и телата на Факултетот – Наставно-научен совет, Деканатска управа и различни комисии. Преку кои тие може да земат активно учество во сите дискусии врзани со одвивањето на наставата/наставниот процес (изработка и усвојување на (ре)акредитации на студиски програми, усвојување на годишен календар, усвојување на семестрален распоред и распоред на колоквиуми, процес на самоевалуација итн.).<br>Наставата на Архитектонскиот факултет има специфичен карактер. Покрај теоретскиот дел, голем дел од наставата подразбира работа во студио – како специфика на Архитектонскиот факултет и јадро на архитектонската педагогија, како и вежби на поединечните предмети. Студентот, преку директно искуство врз одредена тема/проблемска задача/студија на случај се стекнува со основни и продлабочени знаења и вештини од областа на архитектонското проектирање, архитектонските конструкции, урбанистичкото планирање, развојот на архитектонското наследство и неговата заштита итн. Студентите вообичаено работат индивидуално или групирани во мали групи (2-3 студенти) што подразбира нивно постојано и активно учество во процесот на учење. Покрај наставата која се изведува на часовите на факултетот, студентите се поттикнуваат индивидуално да истражуваат референтни примери и автори врзани со конкретната задача и резултатите од своите истражувања да ги презентираат во форма на семинарски задачи или/и презентации и сл. Презентациите на изработените трудови/проектни задачи пред другите колеги ја поттикнува културата на споделување на знаења и конструктивна дискусија. Конечно, Архитектонскиот факултет повеќе од една деценија негува пракса на крајот на секој семестар да организира Изложба на архитектонските студија (ИАС), како настан од јавен карактер кој на увид ја става работата на студентите и најголемиот дел од наставниот кадар на АФС. Изложбата ја подготвуваат педагошките тимови и студентите.<br>Целите и содржините на предметните програми, методите на учење и формите на наставни активности се опишани во Елаборатите за акредитација на студиските програми, кои се јавно достапни на веб страницата на Архитектонскиот факултет, додека специфичните проблемски задачи/теми/ локации итн. се појаснуваат во рамки на предметите на почеток на секој семестар.<br>Специфичниот карактер на наставата резултира и со различни начини на оценување на студентите – преку континуирано следење на нивното присуство и активност, семестрални задачи, работа на проект, есеи и семинарски трудови, презентации (во група или пред целата генерација), колоквиуми итн., што јасно се гледа во Прилогот 3.4.Б – Листа на предмети и методи на оценување и испитување на студентите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 3.1.А. Статут на Архитектонскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 473, 11 Ноември 2019 година), достапен на:<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Dokumenti/glasnik_-473_2.pdf<br>Прилог 3.1.Б. Правила на студирање на интегрираните прв и втор циклус студии и на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Архитектонски факултет, достапни на:<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/images/arh/Glasnik-590_ПРАВИЛА_НА_СТУДИРАЊЕ_АФ.pdf<br>Прилог 3.1.В. Линкови до студиските програми акредитирани во последните пет години (2019-2024) се дадени во индикаторот 2.2 и 2.7.</td></tr>
<tr><td>3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат</td><td>Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | |

Специфичниот карактер на наставата на Архитектонскиот факултет бара континуирано следење на развојот на различни графички софтвери (Autocad, Archicad, BIM, 3DMax, Sketchup, Photoshop итн.) кои се користат за графичко претставување и визуелизација на проектите. Дополнително, се повеќе студенти користат и современи технологии и алатки, особено во изработката на архитектонски модели (со употреба на CNC машини за сечење, 3D печатачи итн.). За таа цел, Архитектонскиот факултет има опремено лабораторија за 3D печатење и лабораторија со опрема за компјутерска нумеричка контрола (CNC) за обработка на плочест материјал (метал, пластика, дрво, композит итн.).

Наставата на Архитектонскиот факултет се одвива на различни начини/модели на реализација со редовно присуство и активност на студентот во текот на семестарот. Архитектонскиот факултет нема форма на вонредно студирање, додека за време на Ковид пандемијата заради настанатите услови, по исклучок, наставата се одржуваше на далечина, со употреба на платформата за двонасочна комуникација Microsoft Teams. Ваквата форма на настава по потреба се уште се користи за гостински онлајн предавања на професори од странство.

Наставата на Архитектонскиот факултет, подразбира предавања по поединечните предмети, вежби, консултации (индивидуални и во група), работа на студии на случај, теренска настава, презентации итн. Јадро на архитектонската педагогија претставува Студиото (архитектонско, урбанистичко и интегративно), кое е присутно низ сите семестри во текот на студиите со најголем број на часови и ЕКТС кредити. Студиото во себе содржи повеќе педагошки формати - предавања, вежби, семинари, тимска и самостојна работа, итн., па оттаму и просторот на студиото симултано претставува и предавална, и лабораторија, работилница и дебатен и изложбен простор. На тој начин, преку директно искуство врз одредена тема/проблемска задача студентот се стекнува со основни и продлабочени знаења и вештини од областа на архитектонското проектирање, архитектонските конструкции, урбанистичкото планирање, развојот на архитектонското наследство и неговата заштита итн. Содржините на предметните програми, заедно со методите на учење и формите на наставни активности предвидени за секој од поединечните предмети се дадени во Прилогот бр 3. во рамки на Елаборатите на студиските програми, достапни на веб сајтот на Архитектонскиот факултет. Линкови до студиските програми акредитирани во последните пет години (2019-2024) се дадени во индикаторот 2.2 и 2.7.

**Прилози**

Прилог 3.2.Б. Методите на оценување на студентите за секој предмет поединечно се наведени и во Прилог 3.4.

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Наставата на Архитектонскиот факултет во голема мера се потпира врз практична работа на студентот (индивидуално или во рамки на мали групи) и директни консултации со педагошки тим (предметен наставник, други наставници вклучени во наставата, асистенти, демонстратори и сл.). Преку истражување и решавање на конкретна проблемска/проектна задача соодветна на циклусот на студии, студентите развиваат способност за истражување, анализа, следење на референтни примери/литература, синтеза на резултатите, изработка на креативно решение за даден проектантски проблем. Во вториот циклус на студии, каде наставата и проектните задачи имаат повисоко ниво на комплексност, педагошките тимови може да бидат интердисциплинарни, како и да вклучуваат надворешна експертиза, гостувања на професори од странски факултети, вклучување на архитекти/урбанисти од пракса, соработки со локални заедници итн. Темите на проектните задачи и конкретните локации се менуваат секој семестар и честопати се насочени кон реални потреби и/или актуелни потреби/проблеми на локалните заедници.

Наставата на Архитектонскиот факултет подразбира континуирано редовно присуство на студентот и негова активна работа во текот на семестарот. Студентите се оценуваат континуирано, низ различни методи на оценување (вежби, работа на проект, семестрални задачи, колоквиуми итн.). Изложбата на архитектонски студија (ИАС), која се одржува два пати во текот на учебната година, претставува значаен настан на Архитектонскиот факултет. Оваа изложба е од јавен карактер и има за цел да ги презентира резултатите од студентската работа за време на изминатиот семестар. Главни карактеристики на ИАС се:

Јавен карактер: Изложбата е отворена не само за студентите и наставниот кадар на факултетот, туку и за

пошироката јавност, вклучувајќи професионални архитекти, идни студенти и други заинтересирани. Ова создава можност за вмрежување, размена на идеи и критички преглед на проектите.
Претставување на резултати од работата: На ИАС се прикажуваат проекти и задачи што студентите ги работеле во текот на семестарот. Ова овозможува јавноста да го следи напредокот на студентите и да се запознае со нивната креативност и иновации. Промоција на студентските достигнувања: Изложбата претставува платформа за промовирање на студентите и нивните достигнувања пред потенцијални работодавци, архитекти, и други професионалци од полето. Редовно информирање: Сите релевантни информации за изложбата, како што се објави, распоред на простории, термини на одржување и фотографии од настанот, се редовно објавуваат на веб страницата на факултетот, со што се овозможува пристап до настанот за поширок круг на луѓе.
ИАС претставува важен дел од образовниот процес на Архитектонскиот факултет, поттикнувајќи ги студентите да ги презентираат своите идеи и да добијат повратна информација од пошироката заедница.

**Прилози**
Прилог 3.3.А. Линкови до информации врзани со семестралните изложби на Архитектонскиот факултет:
- 22. Изложба на архитектонски студија ИАС22 на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 22. до 28.9.2023 година.
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/ias2023big,
- 23. Изложба на архитектонски студија ИАС22 на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 15. до 23.2.2023 година.
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/component/content/article?id=1638,
- 24. Изложба на архитектонски студија ИАС24 на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 24. до 28.6.2024 година.
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/FSS2024/IAS2023-24/thumbnail_Poster_IAS_24_web.jpg

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Наставниците и соработниците кои учествуваат во оценувањето на студентите на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се запознаени со методите на тестирање и оценување на студентите.
Наставата на Архитектонскиот факултет подразбира различни методи и алатки за оценување – вежби, практична работа, теренска настава, семинарска задача/есеј, презентација, работа на проект, колоквиуми, испити итн., јасно наведени во Правилата на студирање, во делот 5 – Испитен режим (стр. 6), а попрецизно одредени во рамки на предметните програми дадени во секој од поединечните елаборати за акредитација. Во рамки на предметните програми, за секој предмет поединечно, прецизно е одредена процентуалната застапеност на секоја активност во формирањето на вкупната оценка. Овие информации се јавно објавени на веб страницата на Архитектонскиот факултет.
Дополнително, на почетокот на секој семестар, предметните наставници на сите наставни предмети детално ги запознаваат студентите со распоредот на семестрални активности, содржината и начинот на изведување на наставата, потребната литература (основна и дополнителна), како и начинот на совладување на обврските и положување на предметот (на кој начин ќе биде извршено оценувањето и кои се елементите кои се валоризираат при сумирање на завршната оценка).
Интегрален преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програма, со приказ на различни формални алатки за оценување е прикажан во прилог 3.4.

**Прилози**
Прилог 3.4. Преглед на методите на оценување и испитување

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се внесени во секоја од предметните програми на акредитираните студиски програми и истите се јавно достапни на веб страницата на Архитектонскиот факултет.
Пр. За студиската програма Додипломски студии по архитектура - Прв циклус на студии содржините на предметните програми се дадени во Прилог 3, од стр. 73-184 (Прилог 3.5.А); за студиската програма Постдипломски студии по архитектура - Втор циклус на студии содржините на предметните програми се дадени во Прилог 3, од

| | |
|---|---|
| стр. 72-176 (Прилог 3.5.Б).<br>Дополнително, на почетокот на секој семестар предметните наставници на сите наставни предмети детално ги запознаваат студентите со распоредот на активности во текот на семестарот, начинот на изведување на наставата, релевантната литература и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет. | |
| **Прилози**<br>Прилог 3.5.А. Студиска програма Додипломски студии по архитектура - Прв циклус на студии, достапна на: http://www.arh.ukim.edu.mk/images/StudiskiProgrami/студиска_програма_од_прв_циклус-додипломски_тригодишни_студии_по_архитектура-Архитектонски_факултет-УКИМ_во_Скопје-2023-20.pdf;<br>Прилог 3.5.Б. Студиска програма Постдипломски студии по архитектура - Втор циклус на студии, достапна на: http://www.arh.ukim.edu.mk/images/StudiskiProgrami/студиска_програма_од_втор_циклус_студии_по_архитектура-Архитектонски_факултет-УКИМ_во_Скопје.pdf.<br>Прилог 3.5.В. Преглед на методите на оценување и испитување | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Испитите на Архитектонскиот факултет-Скопје се изведуваат по завршувањето на сите обврски по предметите во семестарот во три испитни рокови: зимски, летен и есенски. Зимскиот и летниот испитен рок имаат по два термини, а есенскиот испитен рок еден термин. Студентите имаат право да се јават на испит само по завршувањето на сите обврски по предметите во семестарот. Резултатите од различните видови континуирана проверка на знаењата во семестарот и завршното оценување се внесуваат во I-Know системот и се објавуваат на огласна табла во рок од седум дена по завршувањето на сите активности по предметот. Студентот има право на увид во резултатите од континуираната проверка на знаењата и од завршното оценување. Студентот кој е незадоволен од завршната оценка може да поднесе приговор до Деканот на Факултетот во рок од 24 часа по објавувањето на резултатите.<br>Знаењата на студентот се проверуваат континуирано низ работата во семестарот. Проверката на знаењата опфаќа различни видови проверки и/или испит како завршно оценување, ако е тоа наведено во предметната програма.<br>Во предметните програми детално се наведуваат елементите од коишто зависи успешното совладување на обврските од предметот, условите за пристапување кон различните видови проверки на знаењата, формите и начинот на проверка на знаењата, бодирањето и начинот на оценување.<br>Предметните наставници се должни да водат евиденција за текот на реализацијата на предметната програма, реализација на активностите на студентот и постигнатиот успех од континуираната проверка на знаења во текот на семестарот. Евиденцијата за реализацијата на наставата по предметите (присуството на предавања, вежби, колоквиум, семинар или во друг вид активноси како и проверката на знаењата и оценувањето), се води континуирано и ажурно. Евиденцијата е јавна и достапна за студентите преку нејзино објавување на огласната табла по предметот. По завршувањето на семестарот наставникот е должен да пополни податоци и достави електронска пријава во I-Know системот за електронска евиденција за секој студент поединечно. Завршната оценка по предметот е резултат од различните видови проверки на знаењата.<br>Пример на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи на Архитеконскиот факултет-Скопје претставуваат Студија (архитектонско, урбанистичко и интегративно) кои се центар на архитектонската педагогија. Студиото подразбира повеќе педагошки формати (предавања, вежби, семинари, тимска и самостојна работа, итн.) но и инволвираност на поголем број на наставен и соработнички кадар кои на крајот од семестарот се вклучени во формирањето на крајните оцени на студентите. | |
| **Прилози**<br>Прилог 3.6.А. Студиска програма Додипломски студии по архитектура - Прв циклус на студии, достапна на: http://www.arh.ukim.edu.mk/images/StudiskiProgrami/студиска_програма_од_прв_циклус-додипломски_тригодишни_студии_по_архитектура-Архитектонски_факултет-УКИМ_во_Скопје-2023-20.pdf;<br>Прилог 3.6.Б. Студиска програма Постдипломски студии по архитектура - Втор циклус на студии, достапна на: http://www.arh.ukim.edu.mk/images/StudiskiProgrami/студиска_програма_од_втор_циклус_студии_по_архитектура-Архитектонски_факултет-УКИМ_во_Скопје.pdf. | |
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата; |

| | |
|---|---|
| студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Архитектонскиот факултет-Скопје се потпира на Закон за заштита на укажувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18) во однос на системот и процедурите за поднесување на жалби, пријави за корупција и ги следи процедурите и постапките за жалби и пријавување корупција дефинирани во Законот кој е објавен на интернет станата на Факултетот. (Прилог 3.7.А)

Дополнително, на својата интернет страна, Архитектонскиот факултет-Скопје го има поставено и Прирачникот за примена на законот за заштита на укажувачите во високото образование во Република Северна Македонија. Целта на овој документ е да ги определи обврските и должностите на Универзитетот, како и на единиците во неговиот состав и на вработените вклучително наставниот, соработничкиот и административниот кадар на Универзитетот со цел спречување на корупција во академската заедница. (Прилог 3.7.Б)

На Архитектонскиот факултет-Скопје за прием на пријави од укажувачи, заштитено внатрешното пријавување се врши до раководното лице на институцијата, односно правното лице на начин односно во форма утврдена со ставот (2) на член 4 од Закон за заштита на укажувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18).

Во рамките на посебната секција од интернет страната на Архитектонскиот факултет-Скопје именувана ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИ поставен е образецот за пријавување сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. (Прилог 3.7.В.)

На Архитектонскиот факултет-Скопје до сега не се евидентирани пријави од укажувачи.

**Прилози**

Прилог 3.7.А.
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Dokumenti/653_Zakon_za_zastita_na_ukazuvaci-precisten_tekst.pdf
Прилог 3.7.Б
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Dokumenti/Zakoni/653_ISIE_Priracnik_za_primena_na_Zakonot_za_zastita_na_ukazuvaci.pdf
Прилог 3.7.Б Образец пријава од укажувачи

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје јасно се утврдуваат условите, критериумите, правата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии). Во Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Архитектонски факултет - Скопје уште подетално се образложени и уредени уписните постапки, студентскиот календар, напредувањето за време на студиите, испитниот режим, завршување на студиите, условното напредување, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена во ЗВО, заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучување, дисциплинската одговорност, правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други права и должности на студентите. Документите се јавно достапни на интернет страната на Архитектонски факултет. | |
| **Прилози**<br>Прилог 4.1.А. статут на факултет<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Dokumenti/glasnik_-473_2.pdf<br>Прилог 4.1.Б. акредитирани студиски програми<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-01-08-19-03-36<br>Прилог 4.1.В. Одлука за правила на студирање | |
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| На Архитектонскиот факултет-Скопје следењето и водењето на евиденција за напредокот на студентите на прв, втор и трет циклус студии се врши согласно дефинираната рамка во:<br>- Закон за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18);<br>- Правилник за водење евиденции за високото образование, донесен од министерот за образование и наука, врз основа на член 201 став (4) од Законот зависокото образование, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18);<br>- Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно Член 159 од Законот за високо образование Архитектонски факултет-Скопје води матична книги на запишани студенти, главна книга на завршени студенти и досие на секој студент. Тие се уредени со Правилникот за формата и начинот на водење (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на завршени студенти, донесен од министерот за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18). Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти се документи од трајна вредност.<br>На Архитектонскиот факултет-Скопје, според наведените прописи, се води студентско досие во електронска и хартиена форма. Ова досие овозможува јасно следење на сите активности поврзани со напредокот на студентот за време на студирањето. Покрај тоа, се води и матична книга на студентите, каде што се вклучени сите релевантни податоци за секој студент, како и датумите на дипломирање, магистрирање или докторирање. Овие записи овозможуваат прегледност и следење на академскиот напредок на студентите низ текот на студиите.<br>IKNOW системот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е електронски систем за евиденција кој овозможува следење на напредокот на студентите и нивните активности низ процесот на студирање. Системот е достапен како за вработените на Архитектонскиот факултет, така и за регистрираните студенти, кои преку безбедносна автентикација можат да пристапат до информации за своите активности и напредок во текот на студиите. Системот се ажурира во реално време, што значи дека студентите и професорите имаат постојан пристап до актуелни податоци. Студентите на Архитектонскиот факултет-Скопје го користат IKNOW системот според | |

| | |
|---|---|
| упатството за користење кое е објавено на веб страницата на УКИМ, додека професорите имаат на располагање посебно корисничко упатство. | |
| **Прилози**<br>Прилог 4.2. https://www.iknow.ukim.mk | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| Следењето и водењето на евиденција на напредокот на студентите се врши согласно дефинираната рамка во Законот за високо образование, Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет-Скопје. Во Одлуката за правилата на студирање попрецизно се регулирани: напредувањето на студентите, мирување на обврските на студентот, измена на студиската програма, продолжување на прекинатите студии, премин од едни на други студиски програми, премин од друга единица на Универзитетот или од други универзитети од земјата и од странство, паралелно студирање, интердисциплинарно и индивидуално студирање и др.<br>Во изминатиот период, од страна на Универзитетот, Архитектонскиот факултет добива едно место за студентска размена во рамките на Erasmus+ програмата, за кое секогаш постои интерес помеѓу студентите (исклучок е учебната 2020/2021, поради условите со Ковид19 пандемијата). Во последните пет години, студенти од Архитектонскиот факултет имаат реализирано студентска мобилност во 2022/23, 2021/22 и 2019/20 година. По завршената мобилност, Наставно научната комисија на факултетот, заедно со предметните наставници ги проверуваат можностите и вршат еквиваленција за предметите чии наставни програми се соодветни. Информациите за реализираната мобилност се внесуваат во студентското досие од страна на службата за студентски прашања.<br>Во рамки на студиските програми (Интегрирани студии од прв и втор циклус и Прв циклус на студии – додипломски студии по архитектура) предвидена е задолжителна пракса – Практика, во траење од две недели (десет работни дена), која се вреднува со 2 ЕКТС. Праксата се остварува во лиценцирана проектантска или проектантско-градежна фирма во земјата. Целта е студентите да се запознаат со начинот на функционирање на проектантска фирма – биро, законските одредби според кои работат, како и со начините и методите за развивање на проектната документација согласно Законот за градење, или со начинот на функционирање на градежна фирма, организација и функционирање на градилиште, документација за градење и фазите во текот на градбата согласно Законот за градење (Прилог 4.3.В).<br>Архитектонскиот факултет има за цел и да го поттикне интересот на студентите за воннаставни активности, а во форма на акредитирани летни школи за архитектура и архитектонски работилници во нашата земја и во странство, валоризирајќи ги со 2 ЕКТС кредити (пр. Меѓународната летна школа за архитектура во организација на Архитектонскиот факултет при УКИМ). Информациите за летните школи и работилниците редовно се објавуваат на веб страната на Архитектонскиот факултет (http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-52-33). (Прилог 4.3.Г)<br>Согласно постоечката законска регулатива нема правна обврска за евиденција и признавање на неформалното образование - (Факултетот нема евиденција за неформално образование). | |
| **Прилози**<br>Прилог 4.3.А.<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19/2022-01-14-09-39-36<br>Прилог 4.3.Б. Листа на студенти на кој им е признато учење за време на мобилност<br>Прилог 4.3.В. Договор за изведување практика<br>Прилог 4.3.Г. Меѓународна летна школа за архитектура | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |
| Студентите на Архитектонскиот факултет-Скопје по завршувањето на студиите добиваат документација во која се објаснети, односно се наведени сите релевантни информации за стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, стекнатиот степен на образование, содржината и статусот на успешно завршените студии. Со доделувањето на диплома за завршен одреден циклус на студии студентите добиваат и додаток на диплома | |

| |
|---|
| (diploma supplement). Во Законот за високо образование - Оддел 5, Член 155 („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18) утврдена е рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на диплома. Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи определени со овој закон се уредени со посебен Правилник. Врз основа на Член 155 став 10 од Законот за високо образование, Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи донесува министерот надлежен за работите на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18). Документацијата која ја издава Архитектонски факултет - Скопје е согласно оваа законска регулатива и истата е сеопфатна, јасна и разбирлива а документите кои се издаваат (диплома, уверение и додаток на диплома) ги содржат сите неопходни информации за завршените студии и стручниот, односно научниот назив со кој се стекнува студентот. |
| **Прилози**<br>Прилог 4.4. А. Додаток на диплома<br>Прилог 4.4.Б. Закон за високо образование |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Архитектонскиот факултет-Скопје обезбедува квалификуван академски кадар, односно наставници и соработници кои се вработени во постојан работен однос со полно работно време. На Архитектонскиот факултет-Скопје се ангажирани и надворешни соработници, како и експерти од професионалната пракса со цел интеграција на струката во процесот на едукацијата. Доверувањето на наставата на академскиот кадар се врши исклучително според нивните компетенции, на основа на изборот во наставно-научно звање и утврдената класификација на наставните подрачја, полиња и области.

Наставниот кадар на Архитектонскиот факултет-Скопје е вклучен во реализација на наставата од: прв циклус на студии, втор циклус на студии, интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус, и трет циклус на студии.

Во текот на изминатите пет години, бројот на наставно научниот кадар е во рамките помеѓу 27 и 23, додека пак на соработничкиот кадар помеѓу 0 и 14. Редовните професори се на возраст помеѓу 47 и 68 години, вонредните професори помеѓу 40 и 52 години, доцентите помеѓу 41 и 58 години додека пак асистентите на факултетот се на возраст помеѓу 29 и 43 години.

Во реализација на наставата во учебната 2019/2020 година учествувале вкупно 27 наставници и 2 соработници, од кои 9 редовни професори во зимскиот семестар додека во летниот семестар бројот на редовни професори е 12, 11 вонредни професори во зимскиот семестар а 8 во летниот семестар. Бројот на останатиот кадар е константен во двата семестри, односно 7 доценти, 1 асистент и 1 лаборант. Следната учебна 2020/2021 година зимскиот семестар од наставата го реализирале вкупно 27 наставници и 2 лаборанти, од кои 12 редовни професори, 8 вонредни професори, 7 доценти и 2 лаборанти додека карактеристична е промената во бројот на соработничкиот кадар во летниот семестар од наставата кој е реализиран од вкупно 26 наставници, 14 соработници и 2 лаборанти, односно 11 редовни професори, 13 вонредни професори, 2 доценти, 14 асистент и 2 лаборанти. Во реализација на двата семестри во учебната 2021/2022 година учествуваат 25 наставници, 14 соработници и 3 лаборанти од кои 12 редовни професори, 11 вонредни професори, 2 доценти, 14 асистент и 3 лаборанти. Во однос на следната учебна 2022/2023 година во реализација на зимскиот семестар учествуваат 11 редовни професори, 11 вондредни професори, 1 доцент, 14 асистенти и 3 лаборанти додека летниот семестар го реализираат 16 редовни професори 6 вондредни професори а бројот на доценти и асистенти е како и во претходниот семестар, а бројот на лаборанти бил 2. Во реализација на наставата од изминатата 2023/2024 година, во двата семестри учествувале 23 наставници, 13 соработници и 2 лаборанти: 15 редовни професори, 6 вонредни професори 2 доценти 13 асистенти и 2 лаборанти.

Во однос на кадарот на Архитектонски факултет-Скопје, моменталната состојба разгледана низ 5-те институти е следна:

- Институт за архитектонско проектирање: 7 редовни професори (1 професор заминува во пензија во октомври 2024 година и 1 професор во октомври 2025 година), 3 вонредни професори, 1 доцент, 5 асистенти;
- Институт за урбанизам: 3 редовни професори (1 професор заминува во пензија во октомври 2024), 2 асистенти;
- Институт за високоградба: 2 редовни професори, 2 вонредни професори, 4 асистенти 1 лаборант;
- Институт за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата: 2 редовни професори, 1 вонреден професор и 1 асистент;
- Институт за графички комуникации: 1 редовен професор, 1 доцент, 1 асистент и 1 лаборант.

Направени се напори во кадровската политика за да се одговори на долгогодишниот предизвик на намалување на наставниот кадар поради тековните пензионирања. Во изминатите 5 години на Архитектонскиот факултет Скопје биле пензионирани 5 редовни професори (од кои 3 од институтот за урбанизам), имало 15 избори во повисоко звање (9 редовни професори, 5 вонредни, 1 доцент) и биле вработени 14 асистенти и 1 лаборант. Покрај

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| направените напори и значителното подобрување на кадровската состојба, Факултетот се уште има недостаток на кадар, што јасно се гледа и преку усвоените ангажмани и бројот на реализирани часови дадени во индикаторот 5.3. | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен кадар<br>Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање<br>Прилог 5.1.В. Предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години | |
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Во текот на изминатите години бројот на публикации во категоријата на трудови со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank - покажа континуиран раст.<br>Бројот на објавени трудови во последните години ја следи следната динамика: во 2024 (до денес) година има повеќе од 16 трудови објавени во 10 различни европски држави. Еден од трудовите е со IF 3.1. Во 2023 година публикувани се повеќе од 46 трудови во 13 различни европски држави од кои 7 со IF 0.29-3.9. Во 2022 година публикувани се повеќе од 33 трудови во 9 различни европски држави од кои 1 со IF 3.9. Во 2021 биле публикувани повеќе од 28 труда објавени во 10 различни европски држави и еден во САД од кои 7 со IF 0.3-3.9. Во 2020 година има повеќе од 18 трудови објавени во 7 различни европски држави. Еден од трудовите е со IF 1.923. Во 2019 година публикувани се повеќе од 25 трудови во 7 различни европски држави и еден во САД од кои 5 со IF 1.54-9.<br>Табелата со сите публикации класифицирани во однос на годината на публикување се прикажани во табеларниот приказ. (Прилог 5.2.А) | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.2.А. Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации<br>Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации | |
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[4];<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Наставниот кадар на Архитектонскиот факултет е активно вклучен во образовните процеси во сите три циклуси на студии - Студиска програма на прв циклус на студии „Архитектура“ 2023-2028; Студиска програма на втор циклус на студии „Архитектура“ 2023-2028; Студиска програма на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус 2018-2023 и Студиска програма на трет циклус на студии „Архитектура и урбанизам“ 2021-2026.<br>Студиската програма на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет е составена од 60% задолжителни предмети (54 предмети), 30% изборни предмети од Архитектонски факултет (30 предмети) и 10% изборни предмети од слободната листа на УКИМ (10 предмети). Програмата од прв циклус на студии - додипломски студии по архитектура е составена од 90% на задолжителни предмети (36 предмети) и 10% на изборни предмети (6 предмети) или вкупно 42 предмети. Програмата од втор циклус на студии – постдипломски студии по архитектура е составена од 90% задолжителни предмети (16 предмети) и 10% изборни предмети (4 предмети) или вкупно 20 предмети. Во однос на програмата од третиот циклус, истата е составена од 70% на задолжителни предмети/активности (2 предмети + 12 активности) и 30% изборни предмети (6 предмети).<br>Оптовареноста на кадарот е структуриран во согласност со Законот за високо образование, поточно член 161, каде се наведени стандардите за академските одговорности. Архитектонскиот факултет се придржува до прописите | |

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

утврдени во колективниот договор за високо образование, од 180 часа годишно како што е наведено во член 34. Покрај наставните обврски, членовите на факултетот извршуваат и менторски улоги. Ова вклучува менторство по наставник на максимум 12 магистерски трудови истовремено во една календарска година и 3 докторски дисертации истовремено, според членовите 135 и 136 од Законот за високо образование и член 35 од Одлуката за правила на студирање на интегрираните прв и втор циклус студии и на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје –Архитектонски факултет – Скопје. Наставно научниот и соработничкиот кадар на факултетот не е ангажиран само во наставата, туку и во задачата да води напредни истражувања и научна работа што е согледливо во индикаторот 5.2. Приказот на усвоените ангажмани и бројот на реализирани часови на наставниот и соработничкиот кадар во изминатите 5 години уште еднаш потврдува дека Факултетот се уште има недостаток на кадар.

Активностите на наставниот кадар на факултет во текот на семестарот се прецизно документирани во поединечни извештаи за активности. Овие извештаи даваат детален приказ на часовите на настава, менторства и други академски ангажмани, обезбедувајќи транспарентност и усогласување со законските и институционалните стандарди.

**Прилози**

Прилог 5.3.А. Преглед на бројот на одржаните часови

Прилог 5.3.Б. Извештаи за спроведена настава

Прилог 5.3.В. Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.

http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

При вработувањето и унапредувањето на наставниот и соработничкиот кадар, Архитектонскиот факултет - Скопје ги почитува критериумите и обврските кои произлегуваат од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Архитектонскиот факултет-Скопје, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Факултетот се придржува до законски нормативи, обезбедувајќи квалитетно и навремено спроведување на постапките за вработување и унапредување.

Прегледот на избрани лица во наставно-научни и соработнички звања покажува дека факултетот вовел транспарентни процеси кои се во согласност со законските нормативи. Во последните 5 години на Архитектонскиот факултет-Скопје имало вкупно 14 нови избори, 14 реизбори (13 реизбори на асистенти и 1 реизбор на доцент) и 15 избори во повисоко звање (9 редовни професори, 5 вонредни, 1 доцент). На конкурсите за избор на 15 соработници во соработничко звање - асистент објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.11.2020 година биле пријавени 21 кандидат, а избрани 14 соработници во соработничко звање – асистент. Во однос на конкурсите за реизбор и избор во повисоко звање бројот на пријавени кандидати кореспондира со бројот на избрани наставници во сите наставно-научни звања.

Рецензентските извештаи за избор се објавени во Билтените на УКИМ, дополнително изборот на редовни професори го потврдува не само Наставно научниотт совет, туку и Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Факултетот обезбедува транспарентност на процесите, со тоа што рецензентските извештаи и одлуките за избор се достапни онлајн на веб страницата на факултетот. Овие документи ги содржат аргументите за изборот на одредена личност, овозможувајќи проверка на исполнетоста на критериумите.

Во прилог на овој извештај е доставен табеларен преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години) како и линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. (Прилог 5.4.Б.)

**Прилози**

Прилог 5.4.А. Правилник за избор на наставно научен кадар

Прилог 5.4.Б. Преглед на лица избрани во звања со линкови до билтени

| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
|---|---|

Обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот и соработничкиот кадар е регулирано со Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Службен везник на ПСМ бр 245, 2022 год. (Прилог 5.5.А.)

Наставниот процес и реализацијата на студиските програми се врши во просториите на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите се организираат како редовни студии со настава. Материјалните, техничките и информациските услови за изведување на студиската програма се обезбедени од страна на Архитектонскиот факултет кој располага со доволно и соодветно опремени простории и технички услови за успешно реализирање на наставата од студиските програми и планираните наставни и научно-истражувачки активности.

За реализација на образовниот процес наставниот кадар има на располагање: Реконструиран Амфитеатар со површина од 215м2 со вкупен број од 180 седишта (средствата за реконструкција се обезбедени од Министерството за образование и наука и средства од самофинансирачките активности на факултетот); Нов Аудиториум со површина од 104 м2 со вкупен прој од 90 седишта; Голема сала за одржување на вежби со површина од 264м2 со вкупен број од 90 седишта; Ателје со површина од 168м2 со вкупен број од 30 седишта; 8 училни (една нова и две реновирани) со вкупна површина од 761м2 и вкупен број од 446 седишта; Компјутерски центар со површина од 104м2 со вкупен број од 20 седишта; Моделарница со површина од 90м2 со вкупен број од 40 седишта; Отворен работен простор за студентите со површина од 70м2 со вкупен број од 20 седишта; Библиотека со површина од 103м2 со вкупен број од 3 седишта; Читална во библиотека со површина од 103м2 со вкупен број од 30 седишта. Книжниот фонд на библиотеката го сочинува стручна литература од областа на архитектурата и неа сродните науки и дисциплини. Според обемот на книжниот фонд библиотеката е една од најбогатите високошколски библиотеки кај нас. Фондот постојано се збогатува и во моментов, Библиотеката на Архитектонскиот факултет располага со 18.508 книги, 11.113 списанија и 3634 докторски, магистерки и дипломски трудови. Содржината на книжниот фонд е достапен на корисниците и online преку линкот: http://bib.arh.ukim.edu.mk/opac/index.php

Архитектонскиот факултет-Скопје има обезбедено информатичка опрема за наставно научниот и соработничкиот кадар (лап топи, графички табли и сл.), располага со функционална информатичка и друг вид на опрема која редовно се обновува. Опремата со која располага Архитектонскиот факултет-Скопје е сочинета од: 78 Компјутери десктоп; 52 Печатачи А4 и А3; 20 Скенери А4; 2 Скенери А3; 12 ЛЦД проектори; 1 Машини за обработка на дрво; 1 Машини за обработка на стиропор; 70 Лаптоп 15”; 33 Пен таблет; 4 Термовизиска камера и опрема за мерење амбиетална температура, звук и У мерач; 1 3Д печатач.

Во текот на 2022 година беше завршен проектот за пристапност на Архитектонскиот факултет кој беше реализиран во рамките на ЕЅ ИПА 2 – Акциската програма 2019, а реализирана од Министерството за образование и наука заедно со делегацијата на Европската Унија во Скопје со што факултетот стана пристапен за сите корисници, односно обезбеден е непречен пристап и движење на лицата со попреченост.

Во дополнение на овој индикатор се прикачуваат Прилог 5.5.Б и 5.5.Б.1 кои укажуваат на динамиката на ажурирање и обновување на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата како и изворот на финансирање кој воглавно потекнува од наменски средства доделени од Министерството за образование и наука и средства остварени од самофинансирачките активности на Факултетот.

**Прилози**

Прилог 5.5.А. Правилници за стандардите и нормативите за основање и вршење дејност
Прилог 5.5.Б. Попис на функционална информатичка опрема
Прилог 5.5.В. Попис на информатичка опрема во последните пет години
Прилог 5.5.Г. Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма
https://connect.ebsco.com/s/?language=en_US
https://www.elgaronline.com/browse?access=user&level=parent
https://journals.openedition.org/#
https://books.openedition.org/
Прилог 5.5.Д. Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Архитектонскиот факултет во Скопје согласно донесените акти води сметка за усовршување на наставниот и соработничкиот кадар, преку овозможување стручно и научно усовршување, издвојува средства за научно, стручно и педагошко усовршување на академскиот кадар како: учество во проекти, учество на научни конференции и сл. Доделувањето на средствата за претходно наведените активности се врши според јасно утврдени критериуми дефинирани со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет во Скопје (Прилог 5.6.А. Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи).
Годинава, дел од кадарот на Архитектонскиот факултет Скопје при УКИМ учествуваше на обука за користење на новиот софтвер за анкети на УКИМ
Во март 2023 година 25 студенти заедно со 11 асистенти ги следеа обуките за GIS, BIM и Digital Twin технологиите организирани од Архитектонски факултет, УКИМ во Скопје во соработка со ИНС од Скопје.. Предавањата беа отворени и бесплатни за сите заинтересирани наставници, соработници и студенти.
Архитектонскиот факултет во Скопје согласно донесените акти води сметка за усовршување на наставниот и соработничкиот кадар, преку овозможување стручно и научно усовршување, издвојува средства за научно, стручно и педагошко усовршување на академскиот кадар како: учество во проекти, учество на научни конференции и сл. Доделувањето на средствата за претходно наведените активности се врши според јасно утврдени критериуми дефинирани со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет во Скопје (Прилог 5.6.А. Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи).
Исто така, високообразовната установа организира научни настани (конференции, семинари, работилници и сл.), како и уметнички настани (изложби, претстави, перформансии, концерти и сл.), води евиденција на стручните и научните трудови, научните проекти и објавените книги што ги објавува нејзиниот кадар објавувајќи ги на веб страната на факултетот, како и во базата на податоци односно во ризницата на трудови на УКИМ.
Архитектонскиот факултет - Скопје има развиени облици на меѓународна соработка преку европски (меѓународни) проекти, билатерални договори и заеднички програми со повеќе релевантни Универзитети и институции. Воедно, тој поттикнува и обезбедува меѓународна мобилност на наставниците и на студентите, следејќи ја примената на стекнати искуства во своите активности, а има и дефинирано процедури и обезбедува ресурси за поддршка на меѓународните активности.
Дополнително, активностите поврзани со обуки/тренинзи за наставниот кадар се прикажани во Прилог 5.6.Б.

**Прилози**
Прилог 5.6.А. Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата
Прилог 5.6.Б. Листа на обуки-тренинзи за наставниот кадар
Прилог 5.6.В. обуки/тренинзи за наставниот кадар:
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Predavanja/GisBim/2.jpg

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Во рамките на реализацијата на студиската програма како и следење и развој на истата, реализирани се низа визитинг ангажмани на наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство.

Во рамките на Меѓународната летна школа за архитектура која традиционално се одржува 33 години, одржани се преку 100 предавања на врвни архитекти, наставници, афирмирани научници и уметници од земјата и странство.
Форматот на Меѓународната летна школа за архитектура предвидува гостин тутор од странство, кој ја поставува темата, задачата и процесот на работа на архитектонската работилница во чии рамки се имаат одржано бројни предавања. Како најава на овогодинешната 33-та сесија на Меѓународната летна школа за архитектура во амфитеатарот на Архитектонски факултет Скопје професорот Саша Беговиќ на 7-ми мај одржа предавање насловено „Architecture as a Result of Thought and Practice“. Во рамките на 32-рата сесија на Меѓународната летна школа за архитектура предавање одржа Стефан Петерман од студиото ОМА со наслов „A trip to Xihu – Working in the Chinese countryside“. На 9-ти мај 2023 година се одржа предавање на доц. д-р Манфредо ди Робилант од Политехничкиот Универзитет во Торино насловено „Употреба, симбол, архитектонски елементи“. Во рамките на 31-вата сесија Меѓународната летна школа за архитектура насловена „Употреба и повторна употреба на објектите низ време“ со гостин тутор германскиот архитект д-р Гунар Хартман, на 4-ти јули 2022 година предавање има оджано реномираниот архитект Ларс Леруп на тема „Животот и смртта на објекти автобиографија на дизајн проект“ а на 6-ти јули 2022 година предавање под насловo „Глупаво село – светска криза и проблемот на одживост“ одржа Николас Ј. А. Бухоуд.
По повод 60 години од Скопскиот земјотрес и 110 години од раѓањето на јапонскиот архитект Кензо Танге, Архитектонскиот факултет Скопје на 7-ми и 8-ми јуни 2023 година организираше Меѓународна научна конференција насловена „Проект Скопје“. Во рамките на конференцијата свои предавања одржаа светски реномираните архитекти Реиниер де Граф од ОМА/АМО, Холандија и архитектот Су Фуџимото од Sou Fujimoto Architects од Јапонија, проф. Жонгје Лин од Универзитетот во Пенсилванија (UPENN), САД, проф. д-р Инес Толиќ од Универзитетот во Болоња, Италија, проф. д-р Дирк ван ден Хувел од Техничкиот универзитет во Делфт, Холандија, проф. д-р Костас Циамбаос од националниот технички универзитет во Атина, проф. д-р Самиа Хени од Корнел универзитетот во САД, проф д-р Луциа Алаис од Колумбија универзитетот во САД и доц. д-р Никос Кацикис од Техничкиот универзитет во Делфт, Холандија.
Во рамките на првата Годишна конференција на докторските студии по архитектура и урбанизам предавања имаат одржано доц. д-р Снежана Весниќ од Архитектонскиот факултет во Белград со наслов: „Деконструкција на метод: Теорија на новиот случај“, проф д-р Петар Бојаниќ од Институтот за филозофија и општествена теорија при Универзитетот во Белград со предавање насловено „Архитектонска терминологија: Клучни зборови на архитектонското дело“, проф. д-р Алесандро Армандо од Архитектонскиот факултет при Политехничкиот Универзитет во Торино со предавање насловено „Архитектонско проектирање/проект: дисциплина и пракса“ и д-р Гунар Хартман од Берлин со предавање насловено „Бескрајниот семинар“. На 5-6-ти декември 2022 година беше одржана втората Годишна конференција на докторските студии по архитектура и урбанизам во рамките на која проф. Тихомир Јукиќ од Архитектонскиот факултет во Загреб одржа предавање насловено „Загреб, што да се прави следно? Визии и стратегии за развој на градовите“. На 5-ти декември 2023 година во рамките на Годишната конференција на докторските студии предавање одржа Анастасиос Телиос од Школата за архитектура на Универзитетот „Аристотел„ во Солун, Грција со наслов „Критички слики – основи на архитектонски светови“.
На Архитектонскиот факултет Скопје на 9-ти мај 2023 година предавање со наслов „Концепти на дигитален близнак“ одржа д-р Газменд Ајруловски, ИТ инженер и извршен директор на Intelligent Network Solutions од Скопје. На 14-ти март 2023 год. се одржа предавање на Ран Голдштајн од Бар Илан Центарот за Паметни Градови од Рамат Ган, Израел “Why do we have only smart(ass) cities?”. На 6-ти април 2023 год. се одржа online предавање на архитект Емил Јурцан на тема „Реконструкција на римскиот театар Пула“. На 20-ти ноември 2023 година проф. Микеле Бонино, архитект, професор и раководител на Одделот за архитектура и дизајн на Политехничкиот Универзитет во Торино, Италија одржа предавање насловено „Знаење преку дизајн, ПОЛИТО во Азија„.
На 19-ти април 2022 година во рамките на Деканската серија предавања во амфитеатарот на факултетот предавање на тема „Значајни попречувања: Мапирање на контроверзии и иновации архитектурата во време на политички и пандемски пресврт“ одпжа проф. д-р Албена Јанева од Универзитетот во Манчестер. На 4-ти мај 2022 година преку Zoom платформата предавање на тема „Архитектонски музеј како агент на промена“ одржа архитект Матевж Челик од Љубљана. На 30-ти мај 2022 год. во амфитеатарот на Архитектонски факултет Скопје предавање на тема „Паметни градови – стратегии и приоди Градот Милано“ оджа архитектот Џовани Ботини, а на 19-ти мај 2022 год. предавање со наслов „Архитектоснка земја на чудата“ одржа архитект Петер Сагесер од Берн.

**Прилози**

Прилог 5.7 Листа и биографии на визитинг наставници

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Архитектонскиот факултет-Скопје постојано се стреми кон унапредување на научната работа и зајакнување на врската помеѓу наставата и истражувањата. Соработката меѓу студентите и наставниот кадар е континуирана, со постојани напори да се вклучат истражувачки иницијативи и нови методи преку кои ќе се инволвираат студентите и млади истражувачи.

**Меѓународна летна школа за архитектура**

Од 1992 година, Архитектонскиот факултет непрекинато ја организира меѓународната летна школа за архитектура на која досега учество зеле голем број домашни студенти, професори и асистенти од различни земји од Европа и светот. Од 2006-та година, форматот на Меѓународна летна школа за архитектура предвидува гостин тутор од странство, кој ја поставува темата, задачата и процесот на работа на архитектонската работилница. Во рамките на изминатите 18 сесии, одржани се 133 дена архитектонски работилници раководени од 21 интернационални еминентни професори и архитекти, разработувајќи 17 теми од териоријален, урбан и архитектонски размер. Во изминатите 4 години разработени се следните теми: Essential Places (метнор: Маруша Зорец/Maruša Zorec, 2021), The Use and Reuse of Buildings through Time (метнор: Гунар Хартман, Gunnar Hartman 2022); „Архитектонски алатки за рурално живеење"/Architectural tools for rural living (ментор: доц. д-р Манфредо Ди Робилант/Manfredo Di Robilant, 2023); "Temporary Public Structures" (ментор: проф. д-р Саша Беговиц/Saša Begović, 2024).

**Постдокторски истражувања**

Со цел создавање на нови форми на научно-истражувачка работа низ воведување на пост-докторски истражувања и нов простор за размена на знаења и искуства помеѓу научниците и општеството, на иницијатива на Архитектонскиот факултет-Скопје, Сенатот на Униврзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје на седница одржана на 16.03.2023 година донесе одлука за основање на Центар за напредни и постдокторки студии на УКИМ-ЦАПРИС УКИМ. Создавањето на ваков центар е во рамките на регионалната платформа Ректорски Форум на Југоисточна Европа и Западен Балкан за соработка на универзитетите од регионот и како дел од поширока мрежа на слични центри за напредни студии на универзитетите во регионот на Југоисточна Европа. Очекуван резултат од основањето на Центарот е да овозможи научно-истражувачки активности во земјата и регионот кои ќе овозможат создавања на иновативни решенија низ научна и јавна дебата за отворените прашања во општеството и ќе бидат движечка сила во одрживиот развој на научната заедница, општеството, градовите и локалните заедници.

**Научноистражувачки проекти и вмрежување**

- „Rehabilitation of Mass Housing Neighbourhoods as a Tool for Social Equality", финансиран од германскиот сервис за академска размена ДААД (DAAD), со учество на партнери од Техничкиот универзитет во Детмолд, Германија (OWL University of Applied Sciences and Arts), Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград, Србија и Архитектонскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.
- „1Future – jOiNEd For sUsTainability – building climate REsilient communities in WB and EU". Проектот е финансиран од Европската Унија во рамките на програмата Еразмус+ и координиран од Универзитетот во Тирана. Проектот е спроведен во партнерство со универзитети од Западен Балкан, универзитети во развиените земји на ЕУ и неакадемски партнери, како што се непрофитни организации и деловни асоцијации.
- "SMACH - Sustainable Management of Cultural Heritage in the Balkans in Response to Climate Change. Best Practices for Adaptation and Intercultural Cooperation.". Во проектот беа вклучени 6 институции на ЕУ (Меѓународниот универзитет во Венеција како координатор со неговите три членки: Универзитетот во Љубљана; Универзитетот во Рим Тор Вергата; CNR, Националниот совет за истражување поврзан со него; Градот Венеција; ENEA, Италијанската национална агенција за нови технологии, енергија и одржлив економски развој) и 4 универзитети од 4 балкански земји, (Сараевската школа за наука и технологија од Босна и Херцеговина; Универзитет на Црна Гора; Архитектонскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Северна Македонија, Универзитет во Белград, Србија).
- Едногодишен меѓународен проект: SoCoN - Социјална кохезија во урбаните населби (SoCoN - Social Cohesion in Urban Neighbourhoods). Проектот " е финансиран од Германската служба за академска размена (DAAD) во рамките на програмата „Дијалог за високо образование со земјите од Западен Балкан" и се одви во соработка со Истражувачки центар за социјална кохезија (Forschungszentraum für Gesellschaftlichen Zusammenhalt. Проектот беше раководен од Техничкиот универзитет во Дортмунд, Одделение за просторно планирање, Урбано и регионално планирање, а беа вклучени земји од Југоисточна Европа (Албанија, Северна Македонија, Грција), од шест универзитети (ТУ Хановер, УКИМ Скопје, ПОЛИС Тирана, У.Тесалија Волос, НТУ Атина) и два институти (ПЖУ У.Лајбниц Хановер и Ко-План Тирана).
- COST Action CA21103, Implementation of Circular Economy in the Built Environment (CircularB) 2022-2026. Континуирано учество во акцијата, споделување на истражувања и соработка за научни публикации од областа на циркуларна економија во изградената средина.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во |

| | |
|---|---|
| поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | користењето нови технологии. |

Во тек на наставно образовниот процес се применуваат современи технологии за изработка на макети и графичка визуелизација на проектите. Архитектонскиот факултет-Скопје има обезбедено:
- Лабораторија за 3D печатење. Оваа метода предвидува конструкција на тродимензионален модел од CAD цртежи или дигитален 3D приказ. Процесот на изработка вклучува систем преку кој материјалот се депонира, спојува или зацврстува под компјутерска контрола, преку додавање на материјалот обично слој по слој.
- Лабораторија со опрема за компјутерска нумеричка контрола (CNC) односно автоматска контрола при обработка на плочест материјал. CNC процесот се користи за трансформација на парче материјал (метал, пластика, дрво, керамика, камен или композит) во одредена форма со следење на кодирани упатства преку оператор кој директно ја контролира обработката.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

Архитектонскиот факултет-Скопје се придржува до Етичкиот кодекс на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", обезбедувајќи дека се почитуваат сите етички насоки и во наставата и во научното истражување, без толеранција за фалсификат или плагијат (членови 19 и 20).
Во согласност со прописите на Универзитетот, дисциплинската комисија на Архитектонскиот факултет-Скопје е одговорна за спроведување на постапки за казнување на плагијати согласно Етичкиот кодекс. Ова вклучува решавање на какви било дејствија што ги прекршуваат етичките норми и стандарди наведени во Етичкиот кодекс.
Во однос на студентските дисциплински обврски Архитектонскиот факултет-Скопје во Одлуката за правила на студирање на интегрираните прв и втор циклус студии и на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во членот 67 се повикува на Статутот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје (членови 36 - 49).
Менторите се одговорни за проверка на финалните верзии на магистерските и докторските трудови за плагијат, користејќи ја и притоа можноста за проверка преку софтвер обезбеден од Министерството за образование и наука пред да бидат одбранети. (http://plagijati.mon.gov.mk/)
Истите етички стандарди се применува и на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност и лица вработени во стручната и административната служба и помошнотехничките лица на Факултетот.

**Прилози**
Прилог 5.10.А. Етички кодекс
Прилог 5.10.Б. Статут УКИМ

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Во рамки на институцијата, годишниот извештај за работата на деканот на Архитектонскиот факултет-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е сеопфатен документ кој дава преглед на сите активности спроведени во изминатата година. Овој извештај служи како детален приказ на достигнувањата, предизвиците и тековните иницијативи на факултетот.
Тековно, наставниот кадар ги документира сите активности поврзани со научноистражувачка работа која опфаќа: трудови со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт фактор, трудови што подлежат на рецензија и се индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank итн., трудови во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови статии, публикации во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД. Овие активности се достапни и за пошироката публика преку онлајн платформите како што се Google Scholar, ResearchGate, ORCID, репозиториумот на УКИМ и други. Овие платформи служат како складиште на академските придонеси на

| | |
|---|---|
| заедницата, помагајќи да се подобри видливоста и да се поттикне соработката во глобалната академска заедница. | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.11 Извештај за работата на деканот за 2022-2023 | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |
| Во март 2024 година Архитектонски факултет–Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е изработувач на седум студии и Стратегија за одржлив развој за потребите за изработка на ГУП на Град Битола. Архитектонскиот факултет-Скопје низ користењето на современите научни методи и инклузивниот пристап во изработката на студиите и стратегијата овозможува анализа и подобро разбирање на состојбите и процесите кои го обликуваат развојот на Битола и истовремено низ научни факти и сознанија нуди иновативни решенија за иднината на градот. Студиите, изработени врз основа на располжливите информации, даваат сеопфатна анализа на поодделните проблематики кои ги обработуваат, нудејќи одржливи решенија за Град Битола. Стратегијата за одржлив развој, која претставува сублимат на сите изработени студии, ја дава визијата за развој на Град Битола и нејзините жители во следниот период.<br>Податоците кои произлегуваат од  индикатор 5.2. во однос на објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години укажува на разработка на теми кои се во линија со локалните, регионалните и националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Во таа насока се посочуваат одредени теми кои доминираат низ различните научни трудови, како што се: заштита на објекти од модерната, Скопје - град на солидарноста (во релација со јубилејот 60 години од земјотресот), урбаните трансформации на рабовите на градот Скопје, теми од областа на локален и регионален одржлив развој и урбано реобмислување, енергетска ефикасност на изградено локално и регионално наследство, повторна употреба на локалните индустриски капацитети итн.<br>Знаењето акумулирано преку темите разработени низ научните трудови е исто така споделено и презентирано на различни научни симпозиуми и конференции, локално и регионално, од кои се издвојуваат: International Academic Conference on Places and Technologies во Белград, Србија; 1st Open-Air Cities International Conference: Local and Regional Sustainable Development and Urban Reconstruction во Атина, Грција; IOP Conference Series: Earth and Environmental Science, 1196 (2023) 012019, IOP, Грција. Доказ за релацијата на научноистражувачката работа со локалните, регионалните и националните развојни цели е и престојната City Street 6, конференција во организација на Архитектонски факултет Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје која ќе се одржи од 25-28-ми септември, 2024 година на Архитектонксиот факултет Скопје. На конференцијата, покрај учеството со научноистражувачи трудови на голем дел од наставниот и соработничкиот кадар на Архитектонскиот факултет, поканенти се и еминентни професори говорници како: проф. Чарлс Валдхајм од Харвард Универзитетот, проф. Класке Хавик од ТУ Делфт, проф. Ендрју Карвонен од Лунд Универзитетот и г-дин Џовани Ботини, извршен директор на Systematica од Милано. (https://www.ndu.edu.lb/city-street-6/home). | |
| **Прилози** | |

## Стандард 6

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен.</td><td>Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа )</td></tr>
<tr><td colspan="2">Реализацијата на активностите на Архитектонски факултет се финансираат од Министерството за образование и наука, сопствени приходи и приходи од закупнини. Во последните 5 години учеството на средствата од овие три извори на финансирање во вкупните финансии на Факултетот се стабилни. Во 2019 година е остварен приход во вкупен износ од 49.773.343 денари, од кои 55,13% се средства од Министерството за образование и наука, 43,80% се од сопствени приходи и 1,07% се приходи од наемнини. Во 2020 година е остварен приход во вкупен износ од 55.613.336 денари, од кои 54,39% се средства од Министерството за образование и наука, 44,56% се од сопствени приходи и 1,05% се приходи од наемнини. Во 2021 година е остварен приход во вкупен износ од 69.206.353 денари, од кои 64,77% се средства од Министерството за образование и наука, 34,71% се од сопствени приходи и 0,52% се приходи од наемнини. Во 2022 година е остварен приход во вкупен износ од 73.477.469 денари, од кои 55,93% се средства од Министерството за образование и наука, 43,87% се од сопствени приходи и 0,20% се приходи од наемнини. Во 2023 година е остварен приход во вкупен износ од 86.758.469 денари, од кои 57,69% се средства од Министерството за образование и наука, 42,11% се од сопствени приходи и 0,20% се приходи од наемнини. Од финансиските извештаи за последните 5 години се забележува дека средствата кои се издвоени од буџетот зафаќаат од 55 до 65% од вкупните остварени средства и се недоволни за ефикасно функционирање на Факултетот, поради што истите се надополнуваат од сопствената сметка за самофинансирачки активности.<br>Во периодот од 2017 до 2023 година Архитектонскиот факултет од буџетските средства на Министерството за образование и наука и буџетските средства на УКИМ наменети за капитални инвестиции има обезбедено 40.725.866 денари. Овие средства, надополнети со средства од сопствени приходи се искористени за капитални инвестиции на Факултетот, што резултираше со унапредување на условите и квалитетот на наставата, научно-истражувачка и апликативна работа и општите просторни услови. Во овој период изведени се следните капитални инвестиции: темелна реконструкција на амфитеатарот со 180 места (изведба на ново гледалиште, нова опрема за гледалиште - столици и маси, уредување на просторот за предавање), изведба на нов аудиториум со 90 места, реновиран просторот на Голема сала, реновирано Ателје со 30 места, реновирани 2 училници со по 60 места, отворени нови простории за лаборатории за магистерски истражувања, реновиран отворен простор за самостојна работа на студентите, темелно реновиран дел од бараката лоцирана на паркингот од Факултетот, со што е оформен простор за Центар за напредни и постдокторки студии. Сите простори кои се реновирани се опремени со уреди за климатизација. (Прилог 6.1.А, 6.1.Б)<br>Во последните 5 години Архитектонскиот факултет во Скопје континуирано обезбедува средства за соодветно финансирање на активностите за учење и настава, преку годишно обезбедување на релевантна литература и списанија, одржување на повикани предавања од реномирани гости-предавачи и поддржување на дополнителни образовни активности во организација на Студентското собрание.<br>Архитектонскиот факултет традиционално организира меѓународна Летна школа по архитектура (во траење од 7 дена), на која, без партиципација учествуваат од 20 до 30 студенти. Факултетот обезбедува средства и во целост ја финансира школата. Во 2023 година за одржување на школата се издвоени 708.314 денари.<br>Установата има воспоставено систем за финансирање на научноистражувачката дејност утврдена со Одлука (Прилог 6.1.В), која е на сила од април 2022 год, согласно која поддржувањето на научно истражувачката работа е на барање на вработените од наставниот кадар за нивните истражувачки активности. Во 2023 година за објавување научни трудови од наставниот кадар на факултетот издвоени се 216.000 денари (18 труда по 12.000 денари), а до септември 2024 година издвоени се 84.000 денари (7 труда по 12.000 денари). За публикувачката дејност на факултетот во 2023 година издвоени се 135.343 денари, а до септември 2024 година 193.492 денари.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 6.1.А. Финансиски планови 2019-2024</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Прилог 6.1.Б. Финансиски извештај 2019-2023<br>Прилог 6.1.В. Одлука за плати надоместоци и додатоци на плата<br>Прилог 6.1.Г. Извештај Летна школа 32. сесија | |
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
| Факултетот располага со ателје со 30 места, голема сала со 90 места, амфитеатар со 180 места, аудиториум со 90 места, 7 училници (5 училници со 60 места, 1 училница со 30 места и 1 училница со 20+60 места), компјутерски центар со 20 места, моделарница со 40 места, стаклена училница со 36 места, читална во библиотека со 30 места, библиотека со 3 места, работен простор-коридор со 20 места и работилница со опрема со 3 места за работа. Вкупната површина за настава во сопственост на Архитектонскиот факултет во Скопје изнесува 2004 м2, а деталниот преглед на површините за реализација на наставата е претставен во приложените документи. (Прилог 6.2.А., 6.2.Б.)<br>Информатичката опрема која се користи од страна на студентите се состои од: 27 десктоп компјутери (компјутерски центар), А3 формат колор принтер, А0 формат скенер, 3Д принтер, ЦНЦ машина А0 формат и плотер А0 формат. Од страна на Факултетот се обезбедени лиценци за следните софтери: 120 лиценци за AutoCad, 120 лиценци за 3DS Max, 120 лиценци за Revit и 120 лиценци за Fusion. Дополнително, Архитектонскиот факултет во Скопје им овозможува на студентите употреба на ЦНЦ машина за обработка на дрво и машина за обработка на стиропор. Вкупната информатичка опрема со која располага Факултет изнесува: 40 десктоп компјутери, 40 лаптоп компјутери 52 А4 и А3 печатачи, 20 А4 скенери и 2 А3 скенери. (Прилог 6.2.А., 6.2.Б.)<br>Согласно Извештајот на Комисијата за попис на библиотечниот фонд на Факултетот од 2023 год, библиотеката на Архитектонскиот факултет во Скопје располага со библиотечен фонд во износ од 15864 книги, 8382 списанија, 3622 докторати и магистерски, 823 билтени и 73 ЦДа. Во последните 5 години се набавени 18 библиотечни единици. (Прилог 6.2.В). На веб страна на Архитектонскиот факултет во Скопје достапен е онлајн каталог низ кој може да се пребарува по клучни зборови со цел наоѓање адекватна литература која е достапна во библиотеката. Библиотеката на Факултетот располага со читална со 30 места (Прилог 6.2.Г)<br>Од 2022 година за лицата со посебни потреби е овозможен пристап до скоро сите простории на Факултетот, односно, библиотеката, наставните простории и просториите за работа на студенти. Пристапноста е овозможена на 92,2% од вкупната површина наменета за настава и самостојна работа на студенти. Пристапноста за лицата со посебни потреби е овозможена со 1 лифт и 3 скалишни платформи со кои се пристигнува на сите нивоа и меѓунивоа на Факултетот. На секое ниво од објектот е обезбеден тоалет за лица со посебни потреби.<br>Информатичките ресурси за учење на далечина со кои располага Архитектонскиот факултет во Скопје е софтверот Мајкрософт Тимс. Тој беше интензивно употребуван од наставниот кадар и студентите во периодот на КОВИД-19 пандемијата, а неговите можности за унапредување на наставата сеуште се користат. Наставниот кадар и студентите на факултетот ја користат и електронската платформа Iknow која служи како студентски сервис. Факултетот не располага со помошен кадар за мониторинг и одржување на техничките ресурси, а одржувањето на техничката опрема се врши од страна на надворешни економски оператори. Евиденцијата на техничките ресурси на факултетот се врши редовно преку годишни пописи на опрема кои се спроведуваат на крајот на секоја календарска година. | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.2.А. Студиска програма на додипломските студии од прв циклус (2022-2027)<br>Прилог 6.2.Б. Студиска_програма_од_втор_циклус_студии (2022-2027)<br>Прилог 6.2.В. Извештај на Комисија за попис на библиотечен фонд<br>Прилог 6.2.Г - Онлајн каталог на достапна литература во библиотеката на Архитектонскиот факултет во Скопје<br>http://bib.arh.ukim.edu.mk/opac/index.php<br>Прилог 6.2.Г. Студиска_програма_од_трет_циклус_студии (2022-2027) | |
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни |

| | |
|---|---|
| флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

На факултетот е воспоставена административна служба која ги извршува стручните и административните задачи. Таа е составена од неколку одделенија: Одделение за општи и правни работи, Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделение за студентски прашања, Одделение за библиотечно работење, и Советник за човечки ресурси.

Во рамките на оваа служба се вработени вкупно 5 лица во редовен работен однос. Оваа бројка укажува дека администрацијата на факултетот се соочува со недостаток на персонал, што може да го попречи поефикасното извршување на тековните задачи. Оваа состојба потенцијално бара разгледување на можностите за зголемување на бројот на вработени во администрацијата со цел подобрување на функционалноста и ефикасноста на административните процеси.

Архитектонски факултет – Скопје нема вонредни студии. Редовно запишаните студенти од сите циклуси на студии комуникацијата со Факултетот ја остварува преку Одделение за студентски прашања. Раководителот на Одделението за студентски прашања, кој е единствен вработен стои на расплагање на студентите, преку достапноста за електронска комуникација и прием на студенти во текот на целото работно време. Одделението за студентски прашања овозможува дигитална комуникација со студентите преку системот iKnow, како и преку официјални емајл адреси на факултетските служби.

Архитектонски факултет Скопје, се соочува со долгогодишен и алармантен проблем во однос на недостаток на доволен број вработени во помошните/административните служби. Поради пензионирање на кадарот во овие служби, а од друга страна поради неможноста за вработување нов кадар во истите служби, Факултетот е доведен во неповолна ситуација да нема вработен секретар-правник, а бројот на вработени во сите факултетски служби е недоволен.

Сето тоа се рефлектира со преоптовареност на постојниот кадар кој ги вложува сите свои напори непречено и квалитетно да течат сите административни процеси на Факултетот. Поради тоа ургентно и неодложно се потребни нови вработувања во административно-помошниот кадар.

Постојниот број на вработени и нивниот профил во административните и помошните служби е: 1 раководител на одделение за општи и правни работи; 1 раководител на одделение за студентски прашања; 1 раководител во одделение за библиотечно работење; 1 раководител на одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење; 1 советник за човечки ресурси; 1 магационер-самостоен референт за магацинско работење; 3 лица за одржување хигиена; 1 чувар.

Со оглед на малобројната административна служба, Архитектонскиот факултет посветува значително внимание на нејзино усовршување, со цел да се максимизира ефикасноста во работењето и да се обезбеди висок квалитет на услугите. И покрај ограничените човечки ресурси, факултетот вложува во континуирана едукација и развој на своите административни вработени. Во изминатите 5 години, вработените лица од административната служба посетиле повеќе обуки за стручно доусовршување. Овие обуки им помогнале да ги унапредат своите вештини и знаења, што придонесува за поефикасно извршување на административните задачи и подобрување на целокупното функционирање на факултетот. По систематизација на работни места на Архитектонскиот факултет, испразнети се следните работни места: Секретар на Факултетот - 1 испразнето место; Советник за деловно работење - 1 испразнето место; Советник за општи и нормативно-правни работи - 1 испразнето место; Курир - 1 испразнето место; Хигиеничар – испразнети 6 работни места; Советник за студентски прашања – испразнети 2 работни места; Самостоен референт администратор - 1 испразнето место; Економ домаќин - 1 испразнето место; Советник за библиотечно работење - 1 испразнето место; Советник за финансиско, сметководствено и мат. работење - 1 испразнето место; Раководител на одделение за ИКТ (компјутерски центар) - 1 испразнето место; Советник за ИКТ - 1 испразнето место. Листата на вработени во административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години е прикажан во Прилог 6.3.В.

**Прилози**

Прилог 6.3.А. – Можности кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација

http://www.arh.ukim.edu.mk
Прилог 6.3.Б - Приказ на бројот на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2020-04-01-09-24-04
Прилог 6.3.В. Листа на вработени кои посетувале обука во изминатите 5 години
Прилог 6.3.Г. Уверенија на вработени кои посетувале обука во изминатите 5 години

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Архитектонскиот факултет, активно го поттикнува вклучувањето на студентите од втор и трет циклус на студии во научно-истражувачки проекти. Во изминатите 5 години, вкупно 22 студенти биле вклучени во 5 научно-истражувачки проекти. Студентите од трет циклус претежно доаѓаат од соработничкиот кадар на факултетот, додека процентот на вклучени студенти од втор циклус во овие проекти изнесува 7%, а од трет циклус 12%.

Иако има ангажман на студенти во истражувачките активности, учеството останува релативно ниско. Во иднина е потребно да се поттикне поголемо вклучување на студентите, преку создавање на повеќе можности за нивна активна улога во научните проекти. Зголеменото учество би придонело не само за професионалниот развој на студентите, туку и за подобрување на квалитетот и опсегот на истражувањата на факултетот.

**Прилози**

Прилог 6.4. Студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Специфична форма на поддршка на студентите на Архитектонскиот факултет во Скопје е овозможена преку Центарот за кариера. Услугите кои ги овозможува Центарот за кариера се: да воспоставува постојана врска меѓу студентите и деловната заедница; да го промовира Универзитетот пред пазарот на трудот; да им понуди помош на студентите при преминот од академската средина во професионалното вработување; да им го олесни пристапот на студентите на Универзитетот до работните места.

Сепак, факултетот не располага со точни податоци за бројот на студенти кои користеле поддршка преку Центарот за кариера, што може да биде предизвик за евалуација на неговото влијание и ефективност. Иако е назначен раководител на Центарот, и дел од наставниот кадар посетувал обуки за кариерни советници, тие немаат формално овластување за таа улога. Дополнително, Центарот за кариера не располага со финансиски средства за целосна реализација на своите активности, што го ограничува неговото влијание и капацитет да понуди поддршка на студентите.

Во иднина, за да се зголеми ефективноста на Центарот за кариера на Архитектонскиот факултет и неговата ефикасност да ги исполнува своите цели, потребни се следните чекори:

Обезбедување финансиски ресурси: Потребно е да се алоцираат средства за поддршка на работата на Центарот, што ќе овозможи реализација на активности како организирање на работилници, кариерни настани, и можности за вмрежување меѓу студентите и деловната заедница. Овие средства можат да доаѓаат од буџетот на факултетот, грантови, донации од приватниот сектор или преку партнерства со компании.

Формализирање на обуките за кариерни советници: Важно е наставниот кадар што посетил обуки за кариерни советници да стекне официјално овластување, што ќе им овозможи да понудат професионална и акредитирана поддршка на студентите во нивниот кариерен развој. Ова може да се постигне преку соработка со институции кои нудат акредитации за кариерни советници и преку дополнителни обуки кои ќе ги исполнат потребните стандарди.

Мониторинг и евалуација: Воведување на систем за следење на бројот на студенти кои ги користат услугите на Центарот за кариера и анализа на резултатите од нивната поддршка ќе помогне во подобрување на квалитетот на понудените услуги и поефикасно прилагодување на програмите на потребите на студентите.

Со овие промени, Центарот ќе може да ја засили својата улога во помагањето на студентите и да биде поуспешен во поврзувањето со пазарот на трудот и поддршката за професионален развој на дипломците.

Спроведените активности на Центарот за кариера во последните 5 години се организирани во склоп на активностите на Центарот за кариера на УКИМ (Прилог 6.5.Б).

**Прилози**

Прилог 6.5.А – Услуги на центарот за кариера

http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-53-56
Прилог 6.5.Б. Спроведени активности на Центар за Кариера
Прилог 6.5.В. Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Алумни заедницата на Архитектонскиот факултет во Скопје сѐ уште нема воспоставена практика на организирање редовни настани и иницијативи за одржување на контакт со завршените студенти. Моменталната активност на Алумни заедницата е ограничена на годишно објавување на магистрираните студенти на веб-страницата на факултетот, а во последните 5 години бројот на магистрирани студенти изнесува 411.

Иако факултетот ги поканува завршените студенти на годишни активности и настани како семестрални изложби со студентски проекти, отворени предавања и презентации на компании, не се води евиденција за тоа колку Алумни членови присуствуваат на овие настани.

За подобрување на ангажираноста на Алумни заедницата, факултетот би можел да: Организира редовни настани исклучиво за Алумни членови, како годишни средби или работилници, со што ќе се зајакне врската меѓу факултетот и завршените студенти. Формализира евиденција за присуство на Алумни членови на настани, што ќе помогне во идентификација на најактивните членови и подобра организираност во иднина.

Поттикне Алумни иницијативи, како менторски програми, професионални мрежи или поддршка за нови проекти, што би ја зголемило интеракцијата меѓу поранешните и сегашните студенти. Создаде платформа за комуникација, како Алумни веб-портал или социјална мрежа, што ќе овозможи континуирана размена на информации и можности меѓу членовите на Алумни заедницата.

Со овие чекори, Алумни заедницата може да стане значаен ресурс за развојот на факултетот и кариерата на неговите студенти.

**Прилози**
Прилог 6.6.А – Алумни-заедница
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-53-56
Прилог 6.6.Б. Приказ на системот за соаботка со алумни-заедницата

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Учеството на студентите на Архитектонскиот факултет - Скопје во управувањето е утврдено со “Статут на факултетското студентско собрание при Архитектонскиот факултет во Скопје”, Прилог 6.7.А. Факултетското студентско собрание (ФСС) бира членови во Наставно-научниот совет на факултетот согласно Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и Статутот на Факултетот. Во работата на Деканатската управа на Факултетот учествува и Претседателот на ФСС. Нивниот активен придонес во управувањето на Факултетот е видливо преку учеството во работата на Наставно-научниот совет на Факултетот и Деканатската управа, видливо од записниците на седниците, Прилог 6.7.Г, 6.7.Д.

Согласно статутот на ФСС работата на ФСС се финансира од средства од Факултетот, при што Факултетот врши надзор над наменското трошење на доделените средства.

Архитектонскиот факултет во континуитет обезбедува финансиска поддршка за ФСС. Летната школа за архитектура, наменета пред се за студентите по архитектура на АФС, која се одржува секоја година се финансира преку ИКСА фондот на УКИМ и сопствени средства на АФС (Прилог 6.7.Б).

Во 2020 год. поддржани се следните културно-спортски активности (Прилог 6.7.Ѓ): ДАМЛА (Драмски, Архитектонски, Музичка и Ликовна Академија); Спортски маички за учество во спортови.

Во 2021 год. активностите на ФСС се реализирани без потреба од финансиски средства (Прилог 6.7. Ѓ). Во 2022 год. Факултетот финансиски ги поддржа следните активности на студентите (Прилог 6.7. Ѓ) : Учество на студенти од АФС на регионален натпревар “Allplan student competition”, 20.6-22.06.2022 во Црна Гора; Простор за тренирање и дресови за студентите на АФС кои учествуваат во лигите за мал фудбал и одбојка; Учество на Архитектуријада

во Охрид, 21.05.-25.05.2022 год.; Учество на работилница за мапирање и документирање на еврејското наследство во Битола, 04.11-11.11.2022 год.; Проекции на филмови во амфитеатарот на Факултетот од областа на архитектурата и уметноста; Во 2023 год. Факултетот финансиски ги поддржа следните активности на студентите (Прилог 6.7. Ѓ): Гостинско предавање организирано од Комисијата за настани и логистика при Студентското собрание; Проекции на филмови во амфитеатарот на Факултетот од областа на архитектурата и уметноста; Поддршка за пат и учество на архитектонска конференција "Oris days" во Загреб; учество на студенти од АФС на регионален натпревар "Allplan student competition", во Црна Гора; Обука за студенти за софтверските технологии: Digital twin, GIS и BIM; Забава во ко-организација со Градежен факултет.

Финансиската поддршка на ФСС се реализира врз основа на доставените барања од страна на Собранието на ФСС. Заменик студентскиот правобранител при АФС е со истечен мандат, а Студентското собрание нема избрано нов.

**Прилози**

Прилог 6.7.А. Статут на Факултетско студентско собрание
Прилог 6.7.Б. Одлука за избор на членови на Студентско собрание
Прилог 6.7.В. Студентски претставници во Универзитетското собрание
Прилог 6.7.Г. Учество на Претседателот на ФСС на Деканатска управа
Прилог 6.7.Д. Учество на студенти на ННС Записник 52. седница ННС
Прилог 6.7.Ѓ. Годишен извештај за 2020-2023
Прилог 6.7.Е. Последна одлука за избор на заменик-студентски правобранител
Прилог 6.7.Ж. Приказ на поддржани општествени културни и спортски активности

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Сегашните и идни студенти на Архитектонскиот факултет во Скопје се запознаваат со услугите и можностите кои факултетот им ги нуди преку нивно споделување во електронска и печатена форма. Со оглед на високото ниво на дигитализација и информатичка писменост на студентите, административниот и наставниот кадар на Архитектонскиот факултет, споделувањето на информациите се врши претежно во електронска форма.

Информациите во електронска форма се објавуваат на веб страната на Архитектонскиот факултет во Скопје и редовно се  ажурираат. На веб страната студентите може да се информираат за услугите и можностите кои им се расположливи, правилата и постапката за упис на Архитектонскиот факултет, да добијат информации за начинот и правилата на студирање како и предметните програми за трите циклуси на студирање. На веб страната на Факултетот навремено се споделуваат информации за дополнителни наставни активности, предавања од гости предавачи, работилници, меѓународни соработки, повици за конкурирање, годишниот календар на активности, распоред на испити и колоквиуми и сл. На веб страната на Архитектонскиот факултет се објавени и мноштво публикации произлезени од работата на Интегративните Архитектонски Студија, но и публикации поврзани со истражувачката работа на наставниот кадар на факултетот. Во рамките на активностите на предметите, наставниот кадар користи и други софтверски алатки за дисеминација на информациите како Microsoft Teams платформата, мејлинг листи и сл. Архитектонскиот факултет во Скопје споделува информации за настани, предавања, работилници, повици и сл. и на својата Фејсбук страна. Воедно, информациите се презентираат во печатена форма на главната огласна табла на факултетот, како и на поединечните огласни табли за секој наставен предмет.

**Прилози**

6.7.А Веб страна на Архитектонскиот факултет во Скопје
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/
6.7.Б. Студиски програми
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48
6.7.В. Информации за настани (предавања, изложби, работилници и обуки)
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-52-33
6.7.Г.Програма за годишна конференција на Школата за докторски студии по архитектура и урбанизам
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/FN2024/KonferencijaMaj2024/Programa-konferencija-AFS_-_maj_2024.pdf
6.7.Д. Публикации
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2014-05-30-21-40-46
6.7.Ѓ. Фејсбук страница на Архитектонскиот факултет за споделување информации
https://www.facebook.com/arh.ukim.edu.mk

## Стандард 7

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.</td><td>Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Архитектонскиот факултет во Скопје континуирано собира, обработува и користи информации кои се потребни за успешното спроведување на студиските програми. Информациите се собираат преку службите, органите и комисиите на Факултетот кои го формираат внатрешниот систем за обезбедување квалитет. Собраните податоци се анализираат на ниво на комисии, со цел согледување на реализацијата на студиските програми, параметрите на успешност, можностите за модернизирање на наставата и просторно-човечките ресурси, успехот на студентите, како и можноста за имплементирање на најновите наставни методи во процесот на учење архитектура. Податоците се прибираат во хартиена и електронска форма, чуваат и анализираат во процесот на подобрување на наставата на секој предмет, како и во процесот на изработка на Елаборатите за акредитација на студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии. Функционалноста на системот е видлива преку изработени Елаборати за акредитација како и Извештаите за самоевалуација. Најголем број на податоци и информации потребни за успешно спроведување на акредитираните студиски програми и активностите поврзани со наставно-образовниот процес се собираат преку iKnow системот, кој е развиен и одржуван од страна на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, а Архитектонскиот факултет е нејзин корисник. iKnow системот редовно се користи од студентите, вработените во администрацијата и наставничкиот кадар на Факултетот, кои секој согласно доделените привилегии внесуваат информации со соодветни податоци за својата активност. Архитектонски факултет е корисник и на системот „Ризница на научни трудови на УКИМ“ кој е развиен и одржуван од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Ризницата на научни трудови на УКИМ е јавно достапен репозиториум на научни трудови и публикации од наставниот кадар на Универзитетот и вклучително и од Архитектонски факултет. Во ризницата на научни трудови се прикачени текстови објавени во научни списанија, трудови од научни конференции, монографии, учебници, и стручна литература напишани од страна на наставниот кадар на Факулетот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 7.1.А. Ризница на научни трудови на УКИМ<br>https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/907?locale=mk<br>Прилог 7.1.Б. Извештај за самоевалуација 2019-2021</td></tr>
<tr><td>7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.</td><td>Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информациите кои се собираат на Архитектонскиот факултет се релевантни за анализа и согледување на студиските програми од прв, втор и трет циклус. Административниот и наставниот кадар е вклучен во процесот на прибирање и анализа на податоците во рамки на надлежните комисии, Наставно-научниот совет и Деканатската управа со цел формирање детален увид во реализацијата на студиските програми и нивно унапредување. Податоците кои континуирано се собираат и анализираат се однесуваат на студентите; акредитираните програми, вработените, успехот и стапката на отпишување на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| на студентите, податоци за соработка на Факултетот со институции во и надвор од земјата, и податоци за одржани настани и активности. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. Студентите се вклучени во процесите на собирање и анализа на податоците преку нивно учество во работата на Комисија за самоевалуација и изработката на Извештаите за самоевалуација, како и во работата на Наставно-научниот совет и Деканатската управа на Факултетот. Членовите на наставно научниот кадар се вклучени во обезбедување на податоци поврзани со нивната наставно-научна работа која се содржи од учество во настава, научни истражувања, апликативни проекти, научни трудови, учество на конференции и слично. Податоците кои ги обезбедуваат вработените и студентите се дел од вкупниот извештај на Факултетот кој го усвојува Наставно-научниот совет и е објавен односно достапен на веб страната на установата за секоја учебна година и како составен дел на извештаите за самоевалуација. Ползувањето на собраните информации е видливо преку изработка на стратешки документи како Извештај за самоевалуација и Елаборати за студиските програми на прв., втор и трет циклус. | |
| **Прилози**<br>Прилог 7.2.А. Извештај за самоевалуација 2019-2021<br>Прилог 7.2.Б. Студентско учество во Комисија за самоевалуација | |
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет на редовна седница пред почетокот на академската година усвојува годишен календар за изведување на наставата, но и активности и настани надвор од редовната настава кои вклучуваат Изложба на архитектонски студија, Летна школа по архитектура и Подготвителна настава, чија цел е унапредување на образовниот процес, научно-истражувачките активности, како и вмрежување со бизнис и меѓународната заедницата. Установата води електронска евиденција на значајни настани, активности и процеси кои се објавуваат на официјалната веб страната на Факултетот која редовно се ажурира. Информациите кои се од интерес за стручната и пошироката јавност се споделуваат и на Фејсбук страната на Факултетот. Евиденцијата на настаните и активностите се евидентира преку листа на случувања на веб страната на факултетот. | |
| **Прилози**<br>Прилог 7.3.А. - Веб страна на Архитектонскиот факултет во Скопје http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/<br>Прилог 7.3.Б. - Фејсбук страница на Архитектонскиот факултет за споделување информации<br>https://www.facebook.com/arh.ukim.edu.mk<br>Прилог 7.3.В. Регистар на значајни настани активности и процеси<br>Прилог 7.4.Годишен календар<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-09-09-09-31-15 | |
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |
| Архитектонскиот факултет - Скопје во своето работење се води согласно законската регулатива во РС Македонија и ги презема сите потреби мерки за заштита на личните податоци пропишано со Законот за заштита на личните податоци и согласно процедурите на УКИМ (Прилог 7.4.А.). Оттука, наставниот кадар не споделува лични податоци за студентите, при што резултатите од испитите се објавуваат исклучиво според бројот на индекс, а не со име и презиме на кандидатите. Архитектонскиот факултет обработката на податоците на студентите во дигитрална форма ја врши преку iKnow системот, каде заштитата на личните податоци е обезбедена со безбедносена автентификација. Безбедносната автентификација за студентите и вработените на факултетот дозволува пристап до информациите за активноста на студентот или активноста и овластувањата на вработените. Согласно пропишаната процедура на УКИМ назначен е Офицер за заштита на личните податоци, Прилог 7.4.Б. При постапката за запишување на Архитектонскиот факултет во Скопје, идните студентите даваат согласност фотографиите на кои тие се појавуваат од различни настани и активности организирани од факултетот да бидат објавувани на социјалните медиуми со цел промоција на активностите на факултетот и негова поголема видливост. | |
| **Прилози**<br>Прилог 7.4.А.Процедура за право на пристап и исправка на личните податоци на субјектите на личните податоци https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=168&glavno=32<br>Прилог 7.4.Б. Одлука за назначување на Офицер за заштита на личните податоци | |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Во рамки на програмата на Архитектонскиот Факултет за промоција и стимулација на дисеминација на знаењата стекнати низ наставно-научната дејност, се организираат и поддржуваат повеќе јавни активности.<br>Факултетот редовно организира Изложба на архитектонски студија – ИАС, во чии рамки студентите и наставниот кадар ги презентираат резултатите од наставата на архитектонските, урбанистички и интегративните студија од сите студиски години. Имајќи во предвид дека на ИАС свое учество земаат сите студенти, изложбата претставува најширок можен пресек за оценка на квалитетот на спроведената настава на Архитектонскиот факултет во текот на целиот семестар. Изложбата се организира во просторот на Факултетот (Голема сала, училници и коридори) во период од една недела на крај од семестарот. (датата на ИАС е внесена во Годишниот календар)<br>Архитектонски факултет – Скопје традиционално, веќе 32 години, организира меѓународна Летна школа по архитектура во текот на првата недела од месец јули, на која учество земаат вкупно 25 студенти од факултетот и други факултети од земјата и светот. Активностите на секоја од досегашните сесии на Летната школата завршуваат со изложба на која се претставуваат резултатите од работата на студентите.<br>Членовите на наставниот кадар на Факултетот редовно одржуваат изложби, семинари и презентации на кои се претставуваат резултатите од научно-истражувачки проекти, студии, учество на конференции, апликативни проекти и сл.<br>Со оглед на отворениот карактер на Изложбата на архитектонски студија, Летната школа и изложбите, семинарите и јавните презентации на наставниот кадар, истите се настани на кои Факултетот ја претставува својата наставно-научната дејност на стручната и пошироката јавност во земјата и странство.<br>Од 2024 година Салата за состаноци на Наставно-научниот совет на Факултетот е уредена и обезбедена со опрема за да овозможи одржување на изложби на кои својата научно-истражувачка и уметничка дејност може да ја презентира наставниот кадар на факултетот и наставниот кадар од другите единици на УКИМ.<br>Архитектонски факултет – Скопје, редовно ја користи својата веб страна за објави на информации поврзани со студиските програми и активностите во рамките на истите се ажурирани и достапни за тековните и идни студенти. Факултетот редовно изведува промотивни активности преку информативни кампањи на Фејсбук, учествува во организацијата и реализацијата на промотивен настан “Отворен ден на УКИМ – Отворен ден на Архитектонски факултет” и организација на прв академски час.<br><br>Линк до објави:<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/<br>https://www.facebook.com/arh.ukim.edu.mk<br>https://www.instagram.com/afsukim/<br>Приказ за присуство во медиумите е овозможено во Прилог 8.1.А. и Прилог 8.1.Б | |
| **Прилози**<br>Прилог 8.1.А. Преглед на објавени информации за дејноста на установата во медиумите<br>Прилог 8.1.Б. Извештај за спроведени активности | |
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја |

| | |
|---|---|
| со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Архитектонски факултет - Скопје има воспоставено транспарентно споделување на информации на својата веб страна. На факултетската веб страна во секцијата Студии се објавени студиските програми според кои се одвива наставата на Факултетот (Додипломски студии по архитектура, Прв циклус на студии; Постдипломски студии по архитектура, Втор циклус на студии; Интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура; и Докторски студии по архитектура и урбанизам, Трет циклус на студии) кои ги содржат информациите за студиските програми, критериумите за упис, целите на учењето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, пристапот во однос на наставниот процес за сите три циклуси на студии. Во секцијата Студии, во повеќето подсекции се наведени сите информации во однос на уписите, роковите и критетириумите за упис, упатства за процесот на предавање документи, упатства за користење на iKnow системот, информации за поединечни активности и специфични делови од наставата и сл.

**Прилози**

Линкови до објавени документи предвидени во член 21 став 3 од Законот за Високо Образование.

Прилог 8.2.А. Статут на единицата:
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Dokumenti/glasnik_-473_2.pdf

Прилог 8.2.Б. Решение за акредитација на секоја студиска програма:
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-01-08-19-03-36

Прилог 8.2.В. Студиска програма на интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура (2018-2023):
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Organizacija/StudiskaPrograma2018-2023.pdf

Прилог 8.2.Г. Студиска програма на додипломските студии од прв циклус по архитектура (2023-2028):
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/StudiskiProgrami/студиска_програма_од_прв_циклус-додипломски_тригодишни_студии_по_архитектура-Архитектонски_факултет-УКИМ_во_Скопје-2023-20.pdf

Прилог 8.2.Д. Студиска програма на постдипломските студии од втор циклус по архитектура (2023-2028):
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/StudiskiProgrami/студиска_програма_од_втор_циклус_студии_по_архитектура-Архитектонски_факултет-УКИМ_во_Скопје.pdf.

Прилог 8.2.Ѓ. Студиска програма од трет циклус – докторски студии по архитектура и урбанизам (2021-2026):
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/DoktorskiStudii/Elaborat.pdf

Прилог 8.2.Е. Акт за систематизација:
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19/2018-03-04-12-57-55 ;
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/arh/Pravilnik_za_sistematizacija_na_Arhitektornski_fakultet.pdf

Прилог 8.2.Ж. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет:
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19/2018-03-04-12-57-55,
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/arh/Pravilnik2018.pdf

Прилог 8.2.З. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19/2018-03-04-12-57-55 ;
http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Dokumenti/AktiARH/Glasnik_602_Pravilnik_za_plati.pdf

Прилог 8.2.S. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот:
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19

Прилог 8.2.И. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година:
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-09-09-19-47-25 ;
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-09-09-09-31-15

Прилог 8.2.Ј. Завршна сметка:
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19/2022-01-14-09-47-28

Прилог 8.2.К. Годишен извештај:
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19/2022-01-14-09-47-28

Прилог 8.2.Л. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/component/content/article/106-2016-02-15-11-06-13/1661-odluka-za-usvojuvanje-kandidati-temi-mentori-maj2024

Прилог 8.2.Љ. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; /

Прилог 8.2.М. Акти кои ги носи единицата согласно други закони
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19 ;
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19/2018-03-04-12-57-55

Прилог 8.2.Н. Етичкиот кодекс.

| | |
|---|---|
| http://www.arh.ukim.edu.mk/images/Dokumenti/Eticki_kodeks.pdf | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Архитектонскиот факултет – Скопје редовно ги објавува резултатите од наставата и научно-истражувачката работа на официјалната веб страна http://www.arh.ukim.edu.mk/. За комуникација и информирање на студентите како и на стручната и пошироката јавност се користи и официјалниот фејсбук профил на факултетот https://www.facebook.com/arh.ukim.edu.mk.

На факултетската веб страна редовно се објавуваат следните информации за настаните кои редовно се изведуваат во текот на академската година:

- закажана одбрана на докторска дисертација, (истовремено докторските дисертации се достапни во физичка форма во библиотеката на Архитектонски факултет-Скопје) ;
- закажана одбрана на магистерски труд, (истовремено магистерските трудови се достапни во физичка форма во иблиотеката на Архитектонски факултет-Скопје) ;
- објава за одржување и програма на Годишна конференција на докторските студии по архитектура и урбанизам, на која се презентира и оценува работата на студентите од третиот циклус;
- објава на темите на архитектонските, урбанистичките и интегративните студија кои студентите ги избираат со цел студентите од вториот циклус навремено да се запознаат со предложените задачи;
- објава за одржување на Изложба на архитектонските студија – ИАС на која се изложуваат резултатите од работата на студентите од првиот и вториот циклус на архитектонските, урбанистичките и интегративните студија во текот на семестарот;
- објава за одржување на гостински предавања
- објава за одржување на Меѓународна Летна школа по архитектура и изложба на резултатите од школата.

Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа се поставени во графата Прилози.

**Прилози**

Прилог 8.3.А. Листа на теми за изработка на магистерски трудови
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-09-09-09-00-44
Прилог 8.3.Б. Преглед на одбрани теми за изработка на магистерски трудови
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-09-09-09-00-44/2014-09-29-20-45-43
Прилог 8.3.В. Преглед на теми на студија
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-09-09-08-56-58
Прилог 8.3.Г. преглед на теми на интегративни студија и архитектонски работилници
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2014-10-28-12-05-54
Прилог 8.3.Д. Преглед на научно-истражувачки проекти
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-17-21-51-48/2013-12-17-22-02-20
Прилог 8.3.Ѓ. Дигитална библиотека на Архитектонски факултет
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-18-18-50-23/84-2013-12-18-18-48-39/788-digitalna-biblioteka
Прилог 8.3.Е. Литература, списанија, каталози во електронска верзија, бази на податоци и останати дигитални библиотеки
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-18-18-50-23
Прилог 8.3.Ж. Публикации
http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2014-05-30-21-40-46

# Стандард 9

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.</td><td>Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Архитектонскиот факултет во Скопје е посветен на обезбедување можности за своите студенти да се вклучат во меѓународни програми за студентска мобилност и престој. Оваа иницијатива има за цел да им овозможи на студентите да стекнат меѓународно искуство и да се запознаат со различни академски и професионални контексти. Преку овие програми, студентите имаат можност да учествуваат во разни проекти, да разменуваат знаења и идеи со колеги од други земји и да го прошируваат својот хоризонт во рамките на архитектонската професија.<br>Бројот, процентот и листата на студенти кои користеле мобилност по студиски програми е прикажана во Прилог 9.1.А. Практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите е прикажана преку Прилог 9.1.Б и Прилог 9.1.В.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 9.1.А. Број на студенти кои користеле мобилност на сите циклуси на студии<br>Прилог 9.1.Б - ОДЛУКА ЗА ПРАВИЛА НА СТУДИРАЊЕ на интегрираните прв и втор циклус студии и на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Архитектонски факултет – Скопје.<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/images/arh/Glasnik-590_%D0%9F%D0%A0%D0%90%D0%92%D0%98%D0%9B%D0%90_%D0%9D%D0%90_%D0%A1%D0%A2%D0%A3%D0%94%D0%98%D0%A0%D0%90%D0%8A%D0%95_%D0%90%D0%A4.pdf<br>Прилог 9.1.В – ПРАВИЛНИК за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/Pravilnik-III_ciklus-31.12.2020-glasnik_530.pdf</td></tr>
<tr><td>9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-зација во рамките на установата.</td><td>Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во моментов на Архитектонскиот факултет во Скопје нема формално тело посветено на меѓународна соработка и интернационализација, тоа може да биде предизвик за систематско управување и промовирање на овие активности. Сепак, и без формално тело, факултетот поттикнува меѓународна соработка преку индивидуални иницијативи и проекти, како и преку поддршка на студентите и професорите кои сакаат да учествуваат во меѓународни програми и конференции.<br>Ваквата ситуација може да отвори можности за развивање на нови стратегии и структури кои ќе го олеснат и поттикнат процесот на интернационализација, преку формирање на работни групи или комисии кои ќе се фокусираат на развивање политики за соработка со странски институции, организирање на настани со меѓународно учество и воспоставување партнерства со универзитети од други земји.<br>Таквите иницијативи можат да го зајакнат академскиот и професионалниот профил на факултетот и да понудат повеќе можности за студентите и професорите да стекнат меѓународно искуство и експертиза.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет,</td><td>Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | |

Постојниот научен ангажман првенствено се темели на учеството во меѓународни проекти и програми каде финансирањето е обезбедено од странски извори. Финансиските средства што ги обезбедуваат Универзитетот и Факултетот се недоволни за позначајна научно-истражувачка дејност, па оттаму потребата за ревидирање на политиките за стимулирање на научно-истражувачката работа. Архитектонскиот факултет Скопје во изминатите 5 години беше дел од конзорциумот на следните меѓународни проекти:

- ROCK - Regeneration and Optimisation of Cultural heritage in creative and Knowledge cities.Овој проект доби средства од програмата Horizon 2020 на Европска унија под grant agreement No 730280. https://rockproject.eu/project
- 1FUTURE Erasmus+ проект (101082815 — 1FUTURE — ERASMUS-EDU-2022-CBHE - jOiNEd For sUstainability – bUilding climate Resilient communities in WB and EU — 1FUTURE) https://1future.feut.edu.al/
- UPRUN (Erasmus+ Programme (Key Action 2) "Urban Planning for Social Resilience in Urban Neighbourhoods. Transformative Change through Civic Engagement, UPRUN" - Agreement Number: 2023-1-DE01-KA220-HED-000167004) https://erasmus-plus.ec.europa.eu/projects/search/?page=1&sort=&domain=eplus2021&view=grid&map=false&projectTopics=environment%2Band%2Bclimate%2Bchange__31047495&level2=ka2%3A%2Bpartnerships%2Bfor%2Bcooperation%2Band%2Bexchanges%2Bof%2Bpractices__31046221%3B43353410&level3=ka220-hed%3A%2Bcooperation%2Bpartnerships%2Bin%2Bhigher%2Beducation__43223943&keyword=UPRUN&searchType=projects
- SMACH Project – CEI – KEP (Sustainable MAnagement of Cultural Heritage in the Balkans in Response to Climate Change. https://www.univiu.org/focus-areas/environmental-management-and-security/smach-project-sustainable-management-cultural-heritage
- SMACH Forum – CEI - Bridging Cultures for Sustainable Heritage Management. https://www.univiu.org/viu-life/news-archive/2550-smach-forum-bridging-cultures-for-sustainable-heritage-management
- Rehabilitation of Mass Housing as a Contribution to Social Equality: Insights from the East-West European Academic Dialogue, DAAD with funds of the German Federal Foreign Office (Programme East-West Dialogue: Higher Education Dialogue with Western Balkan Countries), grant number 57610086

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Архитектонски факултет ги има остварено следните договори за меѓународна соработка:
- Архитектонски факултет во 2023 година склучи меморандум за соработка со Џианг Универзитетот за архитектура и технологии во Кина.
- Факултетот во 2023 година воспостави трилатерален договор за соработка во областа на докторските студии, мобилност на ментори и докторанди помеѓу Архитектонски факултет при УКИМ во Скопје, Архитектонски факултет при Универзитетот во Белград и Одделот за архитектура и дизајн на Политехничкиот Универзитет во Торино.
- Во 2023 година, Архитектонскиот факултет потпишува договор со Универзитетот во Ријека со што се отвара ЦАПРИС УКИМ, со цел воспоставување на поширока соработка во доменот на пост-докторски истражувања на УКИМ со регионот.
- Во 2022 година Архитектонски факултет потпишува Договор за соработка со Ариел факултетот од Израел.
- Во 2022 година Архитектонски факултет потпиша меморандум за разбирање и соработка со деловниот сектор и тоа со Systematica S.r.l од Милано, Италија, со Фондацијата “Transform Transport” , со “Intelegent Network Solution”

(ИНС) од Скопје и со Baldinstudio International д.о.о Нови Сад.
- Во 2022 година Архитектонски факултет при УКИМ стана дел од меѓународната алианса “Свилен пат” на техничките и Универзитетите за архитектура (Silk Road International Alliance of Architecture and Technological Universities).
- Во 2021 година Архитектонски факултет се приклучува кон CEEPUS мрежата на мобилност.
Архитектонски факултет во континуитет ги поддржува своите студенти во реализацијата на студиски престои и студиска мобилност во рамките на Еразмус + програмата за мобилност.
Во 2024 година се одобрува вклучување на Архитектонски факултет во веќе склучениот ЕРАЗМУС + договор за мобилност и соработка со Универзитетот во Белград, Србија.
- Во 2023 година се прифаќа учество на Архитектонски факултет во проект од ЕРАЗМУС + програмата со наслов “UPRUN – Urban Planning for Social Resilience in Urban Neighborhoods. Transformative Change through Civic Engagement.”
Во 2022 година година се прифаќа учество на Архитектонски факултет во проект од ЕРАЗМУС + програмата со наслов “Joined for Sustainability, building climate resilient communities in WB and EU – 1FUTURE”.
Континуирана соработка, односно Архитектонски факултет е полноправен член на DOCOMOMO (Меѓународен комитет за документирање и конзервација на објекти, места и соседства од Модернизмот) и на EAAE (Европска Асоцијација на Архитектонско Образование).
Листата на договори и одлуки за вмрежување е прикачена во Прилог 9.4.А
Во текот на 2023 година, Архитектонски факултет го продолжи своето успешно учество во неколку меѓународни научно-истражувачки проекти и мрежи како Еразмуз +, COST, CEEPUS, Creative Europe и CEI know how exchange.
Во текот на 2023 година продолжи со реализација на проектот 1FUTURE кој се реализираше во рамки на европската ЕРАЗМУС + програма, како и проектот SMACH Forum финансиран во рамки на CEI know how exchange, а под раководство на Меѓународниот Универзитет во Венеција (VIU).
Во 2023 година беше отворена 18тата Меѓународна изложба за архитектура во Венеција. Архитектонски факултет Скопје, учествување во истражувањето “Нил како лабораторија” NiLab, дел од Египетскиот павилјон со проектот “Обновување на индустриски екологии”.
По повод 60 години од Скопскиот земјотрес и 110 години од раѓањето на јапонскиот архитект Кензо Танге, Архитектонски факултет – Скопје при УКИМ, во 2023 година организираше Меѓународна научна конференција насловена “Проект Скопје”. Во рамки на конференцијата свои предавања одржаа светски познатите архитекти Реинер де Граф OMA/AMO, Холандија и архитектот Су Фуџимото од Јапонија, проф. д-р Жонгје Лин од Универзитетот во Пенсилванија и многу други.
Во 2022 година Архитектонски факултет учествува во меѓународни научно-истражувачки проекти, како што е проектот “Global Center of Spatial Methods for Urban Sustainability” (GCSMUS), финансиран од Германското федерално министерство за економска соработка и развој, преку програмата на DAAD “Higher Education Excellence in Development Cooperation - exceed”, а воден од Техничкиот Универзитет во Берлин.
Во 2022 година на Архитектонски факултет се одржа студентска работилница во рамки на меѓународниот проект “Rehabilitation of Mass Housing Neighborhoods”, со учество на колеги од Факултетот за архитектура од Детмолд, Германија и Факултетот за архитектура од Белград, Србија.
Понатаму во рамки на ДААД програмата се одржа Летната Школа на проектот Social Cohesion in Neighborhoods со учество на наставнички кадар и студенти од Архитектонски факултет, како и гости од Атина, Тирана, Дортмунд, Хановер.
Во текот на 2021 година, се усвојува научноистражувачки проект со наслов “Нови индустрии на стари локации” со акроним НИСЛ.
Преглед на остварени меѓународни соработки на наставниот и соработничкиот кадар е овозможена во Прилог 9.4.Б, додека број на наставен кадар кој учествувал во меѓународна соработка е овозможена во Прилог 9.4.В.

**Прилози**
Прилог 9.4.А. Листа на договори и одлуки за вмрежување
Прилог 9.4.Б. Број и листа на остварена меѓународна соработка на наставен кадар
Прилог 9.4.В. Број на наставен кадар кој учествувал во меѓународна соработка

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Архитектонскиот факултет активно ја поддржува и овозможува соработката со странски наставници кои

учествуваат во наставниот процес на сите нивоа на студии: прв, втор, и трет циклус. Оваа пракса придонесува за интернационализација на образовната програма и овозможува студентите да се запознаат со различни перспективи, методологии и практики кои се користат во глобалната архитектонска заедница.

Вклучувањето на странски експерти во наставата значи пристап до нови идеи и искуства кои можат да ги надградат и збогатат студиските програми. Студентите добиваат можност да работат со професори кои доаѓаат од различни академски и културни средини, што го подобрува квалитетот на наставата и ја зголемува нивната подготовка за предизвиците на глобалниот пазар. Оваа иницијатива е важен дел од напорите на факултетот за развој на меѓународни партнерства и зголемување на академската мобилност и размена. Преглед на листа на наставници вклучени како ментори е овозможена во Прилог 9.5.А и Прилог 9.5.Б.

**Прилози**

Прилог 9.5.А. Листа на наставници од странство
Прилог 9.5.Б. Одлуки за визитинг наставници

# 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
| --- |
| Во овој дел може да се доставaт дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| На иницијатива на Архитектонскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2023 година, со одлука на Сенатот на УКИМ основан е Центарот за напредни и пост-докторски истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - ЦАПРИС УКИМ (https://capris.ukim.edu.mk/). Создавањето на ваков Центар, кој е прв во Република Северна Македонија, е во рамките на регионалната платформа Ректорски Форум на Југоисточна Европа и Западен Балкан за соработка на универзитетите од регионот и како дел од поширока мрежа на слични центри за напредни студии на универзитетите во регионот на Југоисточна Европа – RECAS (https://recas.info/).<br>Центарот за напредни и пост-докторски истражувања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има за цел да создаде нови форми на научно-истражувачка работа низ воведување на пост-докторски истражувања и нов простор за размена на знаења и искуства помеѓу научниците и општетсвото. Целта на ЦАПРИС УКИМ е да низ воведувањето на пост-докторски истражувања и промоција на висококвалитетна научна работа, го зголеми рејтингот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во меѓународните академски кругови, создаде подобра научно-истражувачка инфраструктура, да го намали трендот на „одлив на мозоци“ (Brain drain) и наместо тоа, да ја промовира стратегијата на „прилив на мозоци“ (Brain gain).<br>Крајниот и очекуван резултат од основањето на ЦАПРИС УКИМ е да овозможи научно-истражувачки активности во земјата и регионот кои ќе овозможат создавање на иновативни решенија низ научна и јавна дебата за отворените прашања во општеството и ќе биде движечката сила во одрживиот развој на општествата, градовите и локалните заедници. Ваков комплексен и сеопфатен процес на научното истражување на предизвиците на современите општества во регионот, со фокус на трансдисциплинарната и меѓународната соработка е неопходен за поттикнување на развојот на Западен Балкан кон целосна интеграција во поширокиот Европски и светски научен и интелектуален простор и создавање на нови перспективи на одржлив развој. |
| |